Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 272, 1 март 2021 година

март 2021 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**

РЕФЕРА Т ЗА ИЗБОР НА 1 (ЕДЕН) НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ОПЕРСКО СТУДИО (60916) И СЦЕНСКИ ДВИЖЕЊА (60916) НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 3

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МАРКЕТИНГ МЕНАЏМЕНТ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 10

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕНАЏМЕНТ ВО ЦАРИНА, ШПЕДИЦИЈА И ЛОГИСТИКА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 34

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ПРОЦЕСИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИ И ЕЛЕКТРОНСКИ КОЛА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 52

ПРЕГЛЕД НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ДОКТОРСКИ СТУДИИ ........ 60

ПРЕГЛЕД НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА ........ 61

РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ ЗА Е- УЧЕБНИК „АНИМАЦИИ ВО ТУРИЗМОТ И УГОСТИТЕЛСТВОТО” ОД Д-Р ЗЛАТКО ЈАКОВЛЕВ ПО ПРЕДМЕТОТ АНИМАЦИИ ВО ТУРИЗМОТ И УГОСТИТЕЛСТВОТО НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП ........ 62

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Блажо Боев
Уредници: проф. д-р Мишко Цидров, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска Атанасовска
Техничко уредување: Кире Зафиров
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
**ISSN: 1857- 8497**

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА 1 (ЕДЕН) НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ОПЕРСКО СТУДИО (60916) И СЦЕНСКИ ДВИЖЕЊА (60916) НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1402-69/6 од 23.9.2020 година донесена на 68. седница на Наставно-научниот уметнички совет на Музичката академија, одржана на 23.9.2020 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на 1 (еден) наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научните области оперско студио (60916) и сценски движења (60916) на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во следниов состав:

– **м-р Борис Трајанов**, редовен професор од наставно-научната и уметничка област вокално пеење на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, претседател;
– **д-р Гоце Гавриловски,** редовен професор од наставно-научната област фолклористика, вработен на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член;
– **д-р Ангеле Михајловски,** редовен професор од наставно-научната област видови на инструменти – пијано, вработен на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ на 5.9.2020 година и во предвидениот рок се пријави кандидатот **насловен доцент м-р Дејан Прошев**.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Музичката академија да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Дејан Прошев** е роден на 17 септември 1979 година во Скопје. Своето музичко образование го започнува во Нижото музичко училиште ДМБУЦ „Илија Николовски – Луј“ на пијано, каде што го продолжува своето средното образование и матурира на отсекот Соло пеење во класата на проф. Марија Николовска. Во 1998/1999 кандидатот се запишува на Вокалниот факултет на НМА „Панчо Владигеров“ во Софија, Р.Бугарија. Во предвидениот рок, во 2002 год. дипломира, а веќе наредната година магистрира на оперско пеење во класата на реномираниот оперски пејач, баритон проф. Нико Исаков. Во 2012 год. кандидатот магистрира на музичко-сценска режија на НМА „Панчо Владигеров“ во класата на проф. Павел Герџиков и се стекнува со звањето магистер по музичко-сценска режија.

Своето професионално искуство, кандидатот м-р Дејан Прошев го започнува во 2005 година како хонорарно ангажиран асистент режисер, а потоа и како редовно вработен во Националната установа Македонска опера и балет (НУ МОБ). Во јуни 2008 година е назначен за уметнички директор на Операта, а од декември 2010 до декември 2014 год. е директор на НУ Македонска опера и балет, а потоа до ноември 2015 е в.д. директор на истата установа. Во моментов работи како прв асистент режисер во македонската опера и балет.

Член е на меѓународни жирија на еминентни натпревари по пеење.

Од 2012/2013 – 2015/2016 кандидатот м-р Дејан Прошев е хонорарно ангажиран како стручњак од пракса, предавач по предметот Оперско студио и сценски движења на Вокално-инструменталниот оддел на Музичката академија при УГД - Штип, а од 2016 година е ангажиран

како доцент по оперско студио и сценски движења на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Р. Македонија.

**Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.**

**Општи услови за избор:**

- просечен успе ход прв и втор циклус студии 9,24;
- научен степен - магистер од научната област за која се избира;
- претходен избор во насловно звање доцент на 21.1.2016 година;
- потврда за познавање на најмалку еден странски јазик;
- способност за изведување на високообразовна дејност.

**Посебни услови:**

- Учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати. Кандидатот доц. м-р Дејан Прошев објавува трудови во Зборникот на трудови на Музичката академија при УГД, Штип;
- Успешно дејствување во соодветната област на уметноста.

Во периодот од 2016 до 2020 година, кандидатот Дејан Прошев, како режисер бележи 24 оперски претстави и целовечерни оперски концерти, во земјава и странство (Србија, Босна и Херцеговина, Бугарија и Јордан). Во приложената документација се наоѓаат докази за остварени оперски претстави и концерти, а во табелата се издвоени 6 настани значајни за афирмација на Р Македонија;

| Бр. | Изведувач | Вид на оперска претстава / концерт | Место на одржување | Датум на одржување |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Режисер | Опера „Симон Боканегра“ од Џ.Верди | Државна опера Варна | 7.8.2019 |
| 2 | Режисер | Коцерт по повод „70 години македонски балет“ | МОБ, Скопје | 13.12.2019 |
| 3 | Режисер | Опера „Аида“ од Џ.Верди | МОБ, Скопје | 9.5.2019 |
| 4 | Режисер | Опера „Тоска“ од Џ.Верди | Народно позориште, Белград | 23.1.2 019 |
| 5 | Режисер | Опера „Боеми“ од Џ.Пучини | Аман, Јордан | 7.9.2018 |
| 6 | Режисер | Опера „Боеми“ од Џ.Пучини | МОБ,Скопје | 9.5.2019 |
| 7 | Автор | Скрипта „Значењето и спецификата на актерската пластика за уметничка целост и збогатувањето на музичко сценскиот лик“ | УГД,Штип | 1.2021 |

Издадена скрипта со наслов „Значењето и спецификата на актерската пластика за уметничка целост и збогатувањето на музичко-сценскиот лик“ за потребите на предавањата.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Од 2016 до денес – во насловно звање доцент во наставно-научните области оперско студио и сценски движења на Вокално-инструменталниот оддел, Катедрата за вокално пеење.

Од 2013 година до 2016 кандидатот м-р Дејан Прошев е хонорарно ангажиран како стручњак од практиката на Музичката академија при УГД- Штип, на Вокално-инструменталниот оддел, Катедрата за вокално пеење, по предметите: Оперско студио во трета и четврта година. За стекнување поголемо практично искуство во наставата м-р Дејан Прошев со студентите работи во просториите (Голема сцена, Мала сцена, Голема и мала балетска сала) на НУ Македонска опера и балет. Со ваквиот пристап кон наставните содржини на предметите кои ги предава кандидатот, студентите имаат можност за професионална надградба, а доказ за тоа е настапот на двајца студенти од катедрата по вокално пеење на проф. м-р Борис Трајанов кои со голем успех настапија во премиерата на оперската претстава „Магбет" од Џ.Верди на реномираниот меѓународен фестивал Мајски оперски вечери.

Од 2005 до 2008 и од 2015 година до денес, кандидатот доц. м-р Дејан Прошев ги одржува сите оперски претстави од тековниот репертоар на НУ Македонска опера, а воедно работи како асистент на сите режисери на оперските премиерите во МОБ.

***Стручно-уметнички активности***

Како што може да се види од приложената документација, кандидатот доц. м-р Дејан Прошев подолго време активно работи на полето на музичко-сценската режија. Особено се истакнува како оперски режисер со поставување на оперски дела на сцената на македонската опера, како и на признаени и афирмирани оперски и музички сцени во странство. За неговиот континуиран растеж на полето на оперската уметност говори податокот дека неговата режиска постановка на операта „Тоска" на репертоарот на Белградската опера е прогласена за настан на година. Во продолжение следи преглед на активностите.

**Оперски претстави и концерти во земјава и странство од 2016 до денес:**

1. „Боеми" – Џ. Пучини – МОБ, Скопје, http://eprints.ugd.edu.mk/27810/
2. „Тоска" – Џ.Пучини - Народно позориште Белград, http://eprints.ugd.edu.mk/27803/
3. „Тоска" – Џ.Пучини - Народно позориште Белград, http://eprints.ugd.edu.mk/27805/
4. Концерт на Игор Дурловски – бас и Дино Имери – МОБ, Скопје, http://eprints.ugd.edu.mk/27812/
5. Млади оперски надежи „Коста Трпков" – МОБ, Скопје, http://eprints.ugd.edu.mk/27827/
6. „Аида" – Џ.Верди – МОБ, Скопје, http://eprints.ugd.edu.mk/27813/
7. „Вечер посветена на љубовта" – рецитал на Никола Стојчевски –тенор, МОБ,Скопје, http://eprints.ugd.edu.mk/27816/
8. „Кармен" – Ж.Бизе – МОБ, Скопје, http://eprints.ugd.edu.mk/27823/
9. Коцерт по повод „70 години македонски балет" – МОБ, Скопје http://eprints.ugd.edu.mk/27817/
10. „Симон Боканегра" – Џ.Верди – Државна опера Варна, http://eprints.ugd.edu.mk/27830/
11. „Legends" – Традиционален концерт по повод празникот Василица- МОБ,Скопје http://eprints.ugd.edu.mk/27831/
12. „Кармина бурана" – МОБ, Скопје, http://eprints.ugd.edu.mk/27832/
13. „Paris Jet'ame" концерт по повод денот на вљубените – Македонска филхармонија, Скопје, http://eprints.ugd.edu.mk/27821/
14. „Симон Боканегра" – Џ.Верди – Државна опера Варна, http://eprints.ugd.edu.mk/27814/
15. „Вечер на белканто и руски романси" Концерт на Александра Лазаровска-Василески – сопран – МОБ,Скопје, http://eprints.ugd.edu.mk/27828/
16. „Вокална вечер" – Рецитал на Дамјан Поповски – тенор – МОБ, Скопје, http://eprints.ugd.edu.mk/27834/

17. Рецитал на Либуше Санторисова (Чешка) и Алексеј Шаповалов – баритон – МОБ, Скопје, http://eprints.ugd.edu.mk/27818/
18. „Барокна вечер“ – рецитал на Луиџи Скифано – контратенор – МОБ, Скопје, http://eprints.ugd.edu.mk/27829/
19. „Аида“ – Џ.Верди – МОБ, Скопје
20. „Концерт на Три контратенори“ – МОБ, Скопје, http://eprints.ugd.edu.mk/27825/
21. „Моќ на судбината“ – Џ.Верди – Државна опера Варна, http://eprints.ugd.edu.mk/27815/
22. „Боеми“ – Џ.Пучини – Аман, Јордан, http://eprints.ugd.edu.mk/27826/
23. „Аида“ – Џ.Верди – МОБ, Скопје, http://eprints.ugd.edu.mk/27811/
24. „Боеми“ – Џ. Пучини – МОБ, Скопје, http://eprints.ugd.edu.mk/27833/
25. „Аида“ – Џ.Верди – МОБ, Скопје, http://eprints.ugd.edu.mk/27835/
26. „Реквием“ од В. А. Моцарт, http://eprints.ugd.edu.mk/27822/ .

**Уметничка дејност (оперски солист - баритон):**

27. Премиера на операта „Посетата на старата дама“ од Г. Фон Ајнем во улогата „Докторот“ на сцената на МОБ, 2004.
28. Премиера на операта „Таен брак“ од Д.Чимароза во улогата на „Гроф Робинсон“ на сцената на МОБ; 2004.
29. Премиера на првата бугарска рок опера „Прикаска за светлината“ на сцената на Националниот музички театар во Софија, Р.Бугарија, 2003.
30. Премиера на детската фантастика – операта „Светулката“ од В.Чучков на сцената на Софиската национална опера и балет, Р.Бугарија; 2002.

**Учество на семинари и симпозиуми:**

31. CEI - Symposium “Opera Houses and Music Festivals in Central and Eastern Europe” – Трст, Италија; 2014.
32. Панел дискусија на првата меѓународна конференција во Скопје по повод годишниците од смртта на Џ.Верди и Р.Вагнер; 2013.
33. Придонесот на италијанскиот режисер Франко Сефирели во оперската уметност (ISSN 1857-7296, Зборник на трувови МА, 2017, стр.99-107.

Врз основа на наведените активности се изведува заклучок дека м-р Дејан Прошев користејќи го искуство од стручно-уметничките активности успешно ја развива и надградува својата уметничката кариера, работејќи со македонскиот оперски ансамбл, реномирани вокални уметници, диригенти, кореографи, костимографи, како од земјава така и од странство.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

34. 2014 - Член на жири на Меѓународниот натпревар за оперски пејачи „Marcella Pobbe” во Виченца, Италија.
35. 2012 - Член на жири на Меѓународниот натпревар за оперски пејачи „Don Salvatore Pappagallo“ во Молфета, Италија.
36. 2014-2015 - В.д. директор на Македонската опера и балет
37. 2010-2014 - Директор на Македонската опера и балет.
38. 2008-2010 -Уметнички директор на Операта на МОБ.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од севкупната наведена наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-уметничка дејност, како и стручно-апликативна и организациско-развојна дејност на кандидатот, констатираме дека м-р Дејан Прошев ги исполнува сите предвидени услови за избор во звање насловен вонреден професор за наставно-научните и уметнички области оперско студио и сценски движења, наведени во член 127 од Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за постапка за избор во наставни, наставно-научни и уметнички и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Врз основа на наведеното доцент м-р Дејан Прошев претставува личност која во широк обем ги задоволува критериумите поставени во Конкурсот. Кандидатот, преку остварените досегашни активности, покажа способности за развивање на наставно-образовната дејност, за научноистражувачката дејност преку објавени трудови, за стручно-уметнички активности преку активно режирање на музичко сценски дела. Особена чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на **Наставно-научниот и уметнички совет да го усвои нашиот предлог и кандидатот м-р Дејан Прошев да се избере во насловно звање вонреден професор за наставно-научните и уметнички области оперско студио и сценски движења на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**М-р Борис Трајанов,** редовен професор,претседател, с.р.
**Д-р Гоце Гавриловски,** редовен професор, член, с.р.
**Д-р Ангеле Михајловски,** редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | Број | поени | |
| | | | | | | |
| 4 | **Избор во звање насловен доцент** | 1х30 | 30 | | | **30** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | **Вкупно** |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| 5 | **Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови, на научен собир (р.бр.3**2) | 1х2 | 2 | | | **2** |
| 6 | **Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба** - 25 **целовечерни концерти** (19 **во земјава,р.бр.**1,4,5,6,7,8,9,11,12,13,15,16,17,18,19,20,23,24,25;6 **во странство,р.бр.** 2,3,10,14,21,22) | 19х3 | 57 | 6х6 | 36 | **93** |
| 8 | Одржано предавање по покана од научна институција, музички настап на официјален концерт - музички настап во траење до 20 минути (2 во земјава, р.бр.26,27;2 во странство, р.бр.28,29) | 2х2 | 4 | 2х3 | 6 | **10** |
| 12 | Одбранета магистерска теза | 1х4 | 4 | | | **4** |
| 20 | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал (2 во странство р.бр.32,33) | | | 2х2 | | **4** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **109** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | **Вкупно** |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **5** | **Труд во стручно (научно-популарно) списание (р.бр. 31)** | 1x2 | 2 | | | **2** |
| 22 | Претседател на универзитетски<br><br>или владини тела (уметнички директот МО/ директор на МОБ) (р.бр.36,37) | 2 | 10 | | | **20** |
| **28** | **Член на факултетски орган**, **комисија** (**член во** 4 **комисии за одбрана на дипломски труд**, 2, и магистерски, 2) | 4x2 | | | | **8** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **169** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МАРКЕТИНГ МЕНАЏМЕНТ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2102-54/4 од 12.2.2021 година донесена на 239. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 12.2.2021 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област маркетинг менаџмент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 4.2.2021 година и во предвидениот рок се пријави д-р Елизабета Митрева, вонреден професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Елизабета Митрева** е родена на 2 февруари 1970 година во Велес. Основно и средно образование завршува во родното место со континуиран одличен успех. Во 1989 година се запишува на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје на насока Базно органско и полимерно инженерство, а дипломира во 1993 година со просечен успех (8,80). Во 2005 година се запишува на постдипломски студии на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на насока Управување со квалитет. Сите испити предвидени со програмата за постдипломски студии ги положува со просечен успех 9,87. Магистерскиот труд со наслов „Методологија за менаџмент на квалитет во реконструкцијата и одржувањето на шински возила” го одбранува на 13.1.2007 година и се стекнува со академски степен магистер на технички науки – Управување со квалитет. На седница на Наставно-научниот совет при Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (2008 година) е добиена подобност на темата за докторската дисертација со наслов „Интегрална методологија за проектирање и имплементирање на TQM (Total Quality Management) систем во компании”. На 22.3.2010 година успешно ја одбранува својата докторска дисертација и се здобива со научен степен доктор на менаџмент, а со тоа се стекнува со диплома за педагошко-психолошка и методска подготовка за вклучување во образовен процес.

Д-р Митрева има работно искуство во периодот од 1993 до 1999 година во Градежното претпријатие „Митреви – ко” - Велес како координатор на инвестициски проекти. Додека во периодот од 1999 до 2003 година работи како генерален директор на Фабриката за шински возила – Велес, во кој период успешно се завршени повеќе проекти како реконструкција на дизел-моторната гарнитура „Шпанец“ и електричната гарнитура „Горбачов”. Во периодот од 2003 до 2006 година работи во градежното претпријатие „Митреви инженеринг“ - Велес како директор за развој, задолжена за истражување и развој на претпријатието. Во август 2008 година, на седницата на Матичната комисија за основање на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ е избрана за асистент по група предмети од обласата на текстилното инженерство (Одлука бр. 0206-1200 од 6.8.2008 година). Во август 2011 година е избрана како доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, каде што покрај редовните студии е вклучена во постдипломските студии на насоките Меѓународен туризам и Бизнис логистика, како и на докторските студии на насоката Туризам и угостителство (Одлука бр. 2602-184/4 на 10.8.2011 година). Паралелно, д-р

Митрева е ангажирана и на Технолошко-техничкиот факултет на прв, втор и трет циклус студии, како и на прв циклус студии на Факултетот за природни и технички науки при УГД, Штип. По покана на Деканската управа на Факултетот за бизнис на Универзитетот „Нахи Зека“, Пеќ, Косово, Митрева е ангажирана како визитинг професор во студиската 2016/2017 година (Одлука бр.2410 на 8.11.2016 година). Митрева е вонреден професор од областа на управување со системи и маркетинг менаџмент на ФТБЛ при УГД во Штип (Одлука бр. 2102-139/4 на 28.3.2016 година).

За своето посебно залагање во спроведувањето на работните активности, кандидатката д-р Митрева е наградена од Сенатот на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип за реализирани активности за користење на флексибилно работно време. Имено, за реализираните активности во 2015 година, д-р Митрева е рангирана во првите 10 наставници на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Одлука бр. 0201-510/6 од 16.4.2015). Од 2014 до 2016 година д-р Митрева е наградувана од Сенатот на УГД за објавени трудови со фактор на влијание.

Од приложената документација се гледа дека д-р Елизабета Митрева одлично го владее англискиот јазик.

**Општи услови за избор во звање редовен професор**

1. Просечен успех: додипломски студии 8,80 и на постдипломски студии 9,87.
2. Научен степен: доктор на менаџмент. Докторската дисертација на тема „Интегрална методологија за проектирање и имплементирање на TQM (Total Quality Management) систем во компании» е одбранета на 22.3.2010 година на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.
3. Претходен избор во звање: Со Одлука бр. 2102-139/4 на 28.3.2016 година, д-р Елизабета Митрева е избрана за вонреден професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за наставно-научната област управување со системи и маркетинг менаџмент.
4. Објавени најмалку шест рецензирани научни трудови во референтна научна публикација во последните пет години:

| Бр | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Jovanovic Šaković, J., Vujadinović, R., **Mitreva, Elizabeta,** Fragassa, C. and Vujović, A. | The Relationship between E-Commerce and Firm Performance: The Mediating Role of Internet Sales Channels. (2020) | *Sustainability, 12(17) (6993). pp. 1-17. ISSN 2071-1050. **(WoS IF-2,579**; Scopus - Journal Metrics: CiteScore = 3,7. SJR =0.581).* | 12 |
| 2. | **Mitreva, Elizabeta; et al.** | Application of total management of quality in the Macedonian hotel industry. (2019) | *Quality - Access to Success, 20 (172). pp. 25-33. ISSN 1582-2559. (Scopus - Journal Metrics: CiteScore = 1,2. SJR = 0.28. SNIP = 0,918. Web of Science (Clarivate Analytics) (ESCI)).* | 20 |
| 3. | **Mitreva, Elizabeta; et al.** | Application of methods and techniques for free production in a company for manufacture of bread and bakery products. (2019) | *Quality - Access to Success, 20 (171). pp. 141-145. ISSN 1582-2559. (Scopus - Journal Metrics: CiteScore = 1,2. SJR = 0.28, SNIP = 0,918. Web of Science (Clarivate Analytics) (ESCI)).* | 20 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4. | **Mitreva, Elizabeta; et al.** | IPARD 1 Programme - Why and How Its Implementation Did Not Succeed in Macedonia. (2019) | *TEM Journal, 8 (2). pp. 437-443. ISSN 2217-8309 / 2217-8333 (Online). (Scopus - Journal Metrics: CiteScore = 0,7. SJR = 0.17. SNIP 0.587. Web of Science (Clarivate Analytics) (ESCI)).* | 8 |
| 5. | **Mitreva, Elizabeta; et al.** | Optimization of Business Processes in a Transport Company in The Republic of North Macedonia. (2019) | *TEM Journal, 8 (3). pp. 879-887. ISSN 2217-8309 / 2217-8333 (Online). (Scopus - Journal Metrics: CiteScore = 0,7. SJR = 0.17. SNIP 0.587. Web of Science (Clarivate Analytics) (ESCI)).* | 8 |
| 6. | **Mitreva, Elizabeta; et al.** | Stress and quality of life among higher education students in Macedonia. (2019) | *Quality - Access to Success, 20 (169). pp. 166-170. ISSN 1582-2559. (Scopus - Journal Metrics: CiteScore = 1,2. SJR = 0.28, SNIP = 0,918. Web of Science (Clarivate Analytics) (ESCI)).* | 20 |

**5.** Од приложената документација се гледа дека д-р Елизабета Митрева одлично го владее англискиот јазик.

**6.** Објавен рецензиран универзитетски учебник/монографија/практикум/збирка задачи од научната област за која се избира:

- **Mitreva, E.** (2020). Примена на методи и техники во системи. Универзитет „Гоце Делчев», Факултет за туризам и бизнис логистика, Гевгелија, 2020, Штип. ISBN 978-608-244-708-7. (рецензиран учебник по предметот: Примена на методи и техники во системи).
- Saneva, D. and **Mitreva, E.** (2020). Управување со квалитет на храна (рецензиран е-практикум). ISBN 978-608-244-728-5.
- Saneva, D. and **Mitreva, E.** (2020). Управување со квалитет на храна (рецензирана е-скрипта). ISBN 978-608-244-727-8.
- **Mitreva, E.** (2019). Системи за квалитет и стандарди. Универзитет „Гоце Делчев", Факултет за туризам и бизнис логистика, Гевгелија, 2019, Штип. ISBN 978-608-244-605-9. (рецензиран учебник по предметот: Системи за квалитет и стандарди).
- **Mitreva, E.** and Sazdova, J. (2019). **Менаџмент на квалитет во хотелиерството**. 2-ри Август, 2019, Штип. ISBN 978-608-4662-99-0 1.
- **Mitreva, E.** (2018). Принципи на маркетинг. Универзитет „Гоце Делчев"-Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика, Гевгелија, 2018 , Штип. ISBN 978-608-244-499-4. (рецензиран учебник по предметот: Основи на маркетинг).
- Metodijeski, D., Filiposki, O., Taskov, N. and **Mitreva, E.** (2018). Менаџмент на мени во ресторанското работење. Гера Ком Плус. ISBN 978-608-66178-1-3.
- Metodijeski, D., Filiposki, O., Taskov, N. and **Mitreva, E.** (2018). Менаџмент со кетеринг операции во хотелскиот и ресторанскиот бизнис. Гера Ком Плус. ISBN 978-608-66178-0-6.
- Dimitrov, N., **Mitreva, E.** and Serafimova, M. (2017). Методологија на научноистражувачка работа (наука и практика). Samostojno izdanie, Stip. ISBN 978-608-65616-5-9.
- **Mitreva, E.** (2017). Менаџмент на мали и средни бизниси. Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Штип. ISBN 978-608-244-388-1. (рецензиран учебник по предметот: Менаџмент на мал и среден бизнис).
- Miteva, N. and **Mitreva, E.** (2017). Менаџмент на човечки ресурси (рецензиран е-практикум). ISBN 978-608-244-473-4.

– Miteva, N. and **Mitreva, E.** (2017). Менаџмент на човечки ресурси (рецензирана е-скрипта). ISBN 978-608-244-474-1.
– **Mitreva, E.,** Taskov, N. and Gjorshevski, H. (2016). Методи и техники за оцена на квалитетот на производите. 2-ри Август, Штип. ISBN 978-608-4662-62-4.
– **Mitreva, E.,** Taskov, N. and Gjorshevski, H. (2016). Совршенство во менаџмент на квалитетот и перформансите на компаниите. 2-ри Август, Штип. ISBN 978-608-4662-61-7.

**7.** Способност за изведување на високообразовна дејност: Д-р Елизабета Митрева е вработена на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип од 2008 година, почнувајќи од асистент, доцент до вонреден професор. Била член на универзитетски и факултетски комисии.

**Посебни услови за избор во звање редовен професор**

**1.** Под менторство изработени дипломски/магистерски/докторски тези: Во изборниот период д-р Митрева била ментор на многу дипломски трудови, ментор на 4 магистерски трудови, а тековно е ментор на тројца докторанди.

**2.** Учествува/раководи со научноистражувачки проекти: Во изборниот период д-р Митрева била раководител на билатерален научноистражувачки проект „Developing a model for performance improvement of business processes by an application of benchmarking strategy based upon examples of innovation“ во рамките на меѓународната научна соработка со Машинскиот факултет, Подгорица. Билатералниот проект помеѓу Република Македонија и Црна Гора (во периодот 2016-2018 година) е финансиран од страна на Министерство за образование и наука (арх.бр. 17-1395/1 од 26.1.2016 година). Митрева била раководител на проектот „Модел за подобрување на перформансите во хотелската индустрија и туризмот во Македонија (2017-2019)“ - финансиран од Фондот за научноистражувачка работа на УГД, како и учесник во проектот Историско-географски пресек на туризмот и угостителството во Република Македонија (2015-2018), финансиран од Фондот за научноистражувачка работа на УГД.

**3.** Придонес во оспособување помлади наставници и соработници: Д-р Митрева до сега соработувала со повеќе помлади наставници и соработници од ФТБЛ и била вклучена како рецензент за избор или издавачка дејност.

**4.** Има остварено минимум вкупно 100 поени (НО=40, НИ=45, САОР=15): Во изборниот период д-р Митрева има остварено за НО=40 поени, НИ=430 поени и САОР=158 поени, или вкупно= 628 поени.

***Наставно-образовна дејност***

Во периодот 2008-2011 година кандидатката д-р Митрева е избрана од Матичната комисија за основање на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ (Одлука бр. 0206-1200 од 6.8.2008) за асистент по група предмети од областа на текстилното инженерство. Кандидатката д-р Митрева е избрана како доцент по група предмети од областа на менаџмент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Одлука бр. 2602-184/4 на 10.8.2011). За време на изборниот период од 2011 до 2016 година покривала повеќе предмети на прв, втор и трет циклус студии на факултетите: ФТБЛ, ТТФ и ФПТН при УГД, Штип, а од 2016 година до сега е вонреден професор на ФТБЛ за наставно-научната област управување со системи и маркетинг менаџмент (Одлука бр. 2102-139/4 на 28.3.2016 година).

Од моментот кога е вработена на УГД-Штип, кандидатката учествувала во наставата на прв, втор и трет циклус студии на ФТБЛ, ТТФ и ФПТН при УГД, Штип. Така, за време на изборниот период д-р Митрева ги покрива следните предмети на прв циклус студии на студиските програми Бизнис логистика, Бизнис администрација, Туризам, Гастрономија и исхрана и Хотелско-ресторанска насока во наставните центри во Гевгелија, Штип и Скопје: Основи на маркетинг, Менаџмент на мал и среден бизнис, Основи на менаџмент, Системи за квалитет и стандарди, Примена на методи и техники на системи, Маркетинг

на пазарот. На втор циклус студии ги покрива следните предмети на студиската програма Бизнис логистика: Тотален менаџмент на квалитет на логистички системи, Дизајнирање на деловни процеси во бизнис логистика и Методологија на научноистражувачка работа. На трет циклус студии на студиската програма Туризам и угостителство го покрива предметот Менаџмент со квалитет во туристичката индустрија.

Во изборниот период, кандидатката д-р Митрева за потребите на наставата на ФТБЛ при УГД - Штип има издадено повеќе учебници, практикуми и други рецензирани наслови кои се користат како учебно помагало.

Под менторство на д-р Митрева изработени се многу дипломски трудови, ментор е на четири успешно одбранети магистерски трудови, а тековно е ментор на тројца докторанди, со што покажува придонес во оспособувањето на млади истражувачки кадри. Нејзиниот научен интерес е од областа на филозофијата на тоталниот менаџмент на квалитет (TQM) и нејзиното усвојување од страна на студентите, бизнис секторот и институциите на системот како нов модел за одржлив развој, надополнет со промовирање нови методологии во правец на унапредување на деловните процеси. Д-р Митрева има позитивна оценка од евалуација од страна на студентите.

***Научноистражувачка дејност***

Во изборниот период, кандидатката д-р Митрева е самостоен автор на голем број научни трудови објавени во индексирани списанија, меѓународни научни списанија, трудови објавени во зборници на трудови на научни собири, учесник/координатор во повеќе научноистражувачки проекти од национален и меѓународен карактер, и предавач и обучувач по покана.

Во време на изборниот период, кандидатката д-р Елизабета Митрева ги има публикувано следните монографии, научни книги, учебници, и поглавја од книга во земјата и странство, кои имаат научно-истражувачка, но и стручно-апликативна примена:

1. **Mitreva, E.** (2020). *Примена на методи и техники во системи. Универзитет „Гоце Делчев», Факултет за туризам и бизнис логистика, Гевгелија, 2020, Штип. ISBN 978-608-244-708-7.* **(е- учебник).**

Ракописот е рецензиран е- учебник во кој се презентирани методи и техники за управување со процесите во рамките на индустријата и се разработени примери за оценка на истите во реални услови. Истиот е наменет за студентите кои го изучуваат предметот Примена на методи и техники во системи на ФТБЛ при УГД - Штип. Управувањето со процесите како клучен фактор за освојување на купувачите, значи континуирана потрага по најдобри технички, технолошки, маркетиншки и други унапредувања и подобрувања кои ќе ги произведат саканите резултати, а тоа е задоволството на потрошувачите и профитот.

2. Saneva, D. and **Mitreva, E.** (2020). *Управување со квалитет на храна (е-практикум).* ISBN 978-608-244-728-5.

Ракописот е рецензиран е-практикум и е наменет за студентите кои ги изучуваат предметите Менаџмент на производство на храна и Исхрана и диететика на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев", Штип. Основната цел е поттикнувања на размислувањата на студентите и нивна дискусија за потребата за запознавање, следење и подобрување на процесите за управувањето со квалитетот на храната.

3. Saneva, D. and **Mitreva, E.** (2020). *Управување со квалитет на храна (е-скрипта).* ISBN 978-608-244-727-8.

Ракописот е рецензирана е-скрипта и е наменета за студентите кои ги изучуваат предметите Менаџмент на производство на храна и Исхрана и диететика како дополнителна литература во наставата на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев", Штип. Основната цел е запознавање на студентите со процесот на управување со квалитетот на храната, негово следење и подобрување. Материјата нуди знаења за управувањето, квалитетот и храната и е приспособена кон потребите и знаењата на студентите од додипломски студии.

4. **Mitreva, E.** (2019). *Системи за квалитет и стандарди.* Универзитет „Гоце Делчев", Факултет за туризам и бизнис логистика, Гевгелија, 2019, Штип. ISBN 978-608-244-605-9. **(е-учебник).**

Ракописот е рецензиран е-учебник и целта и намената е да ги подготви студентите да се здобијат со теоретски и практични знаења за улогата и значењето на квалитетот, како и за потребата од усвојување на голем број стандарди за да се биде конкурентен на пазарот. Во сублимирањето на трудот авторот се послужил и со голем материјал обезбеден како резултат на долгогодишната работа во оваа област, каде што имал можност да учествува во работата на бројни стручни и научни собири поврзани со бизнисот на претпријатијата и примената на стандардите за квалитет како предуслов за да се опстои на пазарот.

5. **Mitreva, E.** and Sazdova, J. (2019). *Менаџмент на квалитет во хотелиерството.* 2-ри Август, 2019, Штип. ISBN 978-608-4662-99-0 1.

Во овој труд се презентирани и избрани различни извори од домашната и странска литература и се презентирани многу примери од практиката споделени од страна на хотелската индустрија при спроведеното истражување, како и при личните контакти со дел од менаџментот на хотелите. Книгата може да послужи и на сите стручни кадри кои се вработени во хотелската и услужната дејност со цел подобрување на квалитетот на производот, деловните процеси и услугите кои ги нудат.

6. **Mitreva, E.** (2018). *Принципи на маркетинг.* Универзитет „Гоце Делчев" - *Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика, Гевгелија, 2018 , Штип. ISBN 978-608-244-499-4.* **(е- учебник).**

Ракописот е рецензиран е-учебник и е наменет за студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев", Штип. Авторот на трудот има за цел да даде осврт и свои согледувања за значењето на маркетингот на пазарот, за влијанието на дигиталната технологија врз креативноста, за маркетинг трендовите во Европа, за однесувањето на компаниите, креативноста сама по себе и сл. Во овој учебник студентите ќе ги добијат сите информации во врска со маркетинг истражувањето и истите ќе можат апликативно да ги применат за потребите за создавање свој бизнис или за подобрување на веќе постоечкиот бизнис.

7. Metodijeski, D., Filiposki, O., Taskov, N. and **Mitreva, E.** (2018). *Менаџмент на мени во ресторанското работење.* Гера Ком Плус. ISBN 978-608-66178-1-3.

Книгата „Менаџмент на мени во ресторанското работење" е наменета за сите кои работат во угостителски објекти за подготовка и послужување храна и пијалаци, туристичкиот сектор, за академската јавност, студентите, истражувачите, заинтересираните страни од приватниот, јавниот и невладиниот сектор кои директно или индиректно се поврзани со ресторанското работење. Книгата е изготвена со цел да се збогати постоечката литература поврзана со проблематиката на организацијата и планирањето на менијата во ресторанското работење.

8. Metodijeski, D., Filiposki, O., Taskov, N. and **Mitreva, E.** (2018). *Менаџмент со кетеринг операции во хотелскиот и ресторанскиот бизнис.* Гера Ком Плус. ISBN 978-608-66178-0-6.

Книгата „Менаџмент со кетеринг операции во хотелскиот и ресторанскиот бизнис" е наменета за сите кои работат во угостителски објекти за подготовка и послужување на храна и пијалаци, кетеринг компании, туристичкиот сектор, за академската јавност, студентите, истражувачите, заинтересирани страни од приватниот, јавниот и невладиниот сектор, транспортните компании кои директно или индиректно се поврзани со кетерингот. Книгата е изготвена со цел да се збогати постоечката литература поврзана со проблематиката на менаџирањето со кетеринг операции во хотелскиот и ресторанскиот бизнис.

9. Dimitrov, N., **Mitreva, E.** and Serafimova, M. (2017). *Методологија на научно - истражувачка работа (наука и практика).* Samostojno izdanie, Stip. ISBN 978-608-65616-5-9.

Овој ракопис е наменет за студентите на втор циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев", Штип. Книгата се состои

од пет тематски целини и поглавја низ кои многу содржајно е изложена комплексната проблематика на методологијата на научноистражувачката работа. Во трудот опширно се обработени формулирањето и теоретското определување на предметот на истражување, поставувањето на видовите хипотези, варијабли, индикатори, начини и методи на прибирање на податоци, нивна обработка, основни правила на докажувања, мерење, стандарди и критериуми на научното истражување.

10. **Mitreva, E.** (2017). *Менаџмент на мали и средни бизниси.* Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Штип. ISBN 978-608-244-388-1. (**е-учебник).**

Целта и намената на ракописот е да ги подготви студентите за успешно совладување на основните знаења од областа на менаџментот кои ќе им помогнат во нивната идна работа. Идејата во трудот е да се проучат и разберат искуствата што произлегуваат од начинот на кој менаџерите во развиените земји, како и во Република Северна Македонија успешно ги воведуваат концептите на современиот менаџмент во развојот на нивните бизниси, со што го зголемуваат нивниот стабилен раст и конкурентност. Унапредувањето на конкурентноста на бизнисот во локалната економија е силно поврзано со растечката улога на микро, малите и средни претпријатија, односно со нивно стимулирање на развојот и поттикнување на претприемништвото.

11. Miteva, N. and **Mitreva, E.** (2017). Менаџмент на човечки ресурси (е-практикум). ISBN 978-608-244-473-4.

Ракописот е рецензиран е-практикум и е наменет за студентите кои го изучуваат предметот Менаџмент на човечки ресурси на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев", Штип. Основната цел е да се поттикнат размислувања и дискусии кои ќе придонесат за решавање на проблеми со кои се соочува Одделот за човечки ресурси во сите организации ширум светот.

12. Miteva, N. and **Mitreva, E.** (2017). *Менаџмент на човечки ресурси (е-скрипта). ISBN 978-608-244-474-1.*

Ракописот е рецензирана е-скрипта и е наменета за студентите кои го изучуваат предметот Менаџмент на човечки ресурси на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев", Штип. Основната цел е да даде придонес во воведувањето и изучувањето на областа на менаџмент со човечки ресурси, вклучувајќи ги основните активности кои истоимениот оддел ги спроведува.

13. **Mitreva, E.,** Taskov, N. and Gjorshevski, H. (2016). *Методи и техники за оцена на квалитетот на производите.* 2-ри Август, Штип. ISBN 978-608-4662-62-4.

Обработените поглавја во овој ракопис треба да им помогнат на читателите да се стекнат со основните знаења како да се произведе производ кој ќе ги задоволи барањата и очекувањата на потрошувачите. Во исто време, книгата треба да помогне во дилемите како индустријата да го приспособи новиот дизајн на производот на производниот процес, на различните перформанси на машините, како да ја набави потребната опрема и технологија, да користи вистински материјали, да обезбеди квалификувани работници со постојана обука и надгледување, а при тоа применувајќи тотален менаџмент на квалитет.

14. **Mitreva, E.,** Taskov, N. and Gjorshevski, H. (2016). *Совршенство во менаџмент на квалитетот и перформансите на компаниите.* 2-ри Август, Штип. ISBN 978-608-4662-61-7.

Ракописот претставува сублимиран материјал за прашањата поврзани со реинженерингот на деловните процеси што ќе овозможи унапредување на квалитетот на производите, поголема конкурентност, поголема продуктивност, производство на производи со повисока фаза на преработка, намалување на трошоците и сл.

**Трудови објавени во индексирани списанија достапни на интернет како Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, Emerald, Ebsco***:*

15. **Mitreva, E.,** Tahiri, A., Kovaci, Idriz and Filiposki, O. (2020). *Managerial competences in hotel management in Kosovo. Quality - Access to Success, 21*(178). pp. 79-82. ISSN 1582-2559. (Scopus - Journal Metrics: CiteScore = 1,2; SJR = 0.28, SNIP = 0,918, Web of Science (Clarivate Analytics) (ESCI)).

Централно прашање на овој труд е оценката на компетентноста на менаџментот во хотелската индустрија во Р. Косово. Со примена на техниките за истражување се констатирани позитивностите, но и недостатоците на хотелската понуда во однос на менаџерската компетентност. Дадени се низа препораки за креирање нов модел за подобрување на управувачките компетенции, а преку нив и хотелската понуда на Р. Косово. Ова ќе го олесни развојот на потенцијалните механизми за подобрување и предложените препораки, покрај насочувањето за воспоставување на сеопфатен план за следење на напредокот на планирањето и стратегијата за функционалната област.

16. Jovanovic Šaković, J., Vujadinović, R., **Mitreva, E.,** Fragassa, C. and Vujović, A. (2020). *The Relationship between E-Commerce and Firm Performance: The Mediating Role of Internet Sales Channels. Sustainability, 12*(17) (6993). pp. 1-17. ISSN 2071-1050**. (WoS IF-2,576**; Scopus - Journal Metrics: CiteScore = 3,2. SJR =0.581).

Овој труд претпоставува дека ефектот на е-трговијата врз перформансите на компанијата не е директен и тој однос треба да се испита со користење на фактори на посредување. Се примени моделот *The Ordinary Least-Squares (OLS)* на податоците од анкетата *Flash Eurobarometer 439* под наслов: Употребата на користење електронски продавници и алатки за пребарување од страна на малите и средни претпријатија. Добиените наоди ја потврдуваат хипотезата за заемност. Попрецизно, иако врската помеѓу електронската трговија и перформансите на компаниите е негативна, на неа позитивно влијаат одредени видови на електронски продажни канали. Конкретно, придобивките на електронската трговија во однос на зголемена продажба се понагласени кога компаниите користат комерцијални веб страни и електронски продавници. Од друга страна, интеракцијата помеѓу електронската трговија и алатките за пребарување нема значаен ефект врз перформансите на компаниите. Овој труд го унапредува истражувањето врз електронската трговија со нагласување на важноста на ефектот на посредување.

17. **Mitreva, E.,** Risteski, K. and Tushi, B. (2020). *Model for improving the quality of student life in the Republic of North Macedonia. Quality - Access to Success*, *21*(177). pp. 86-91. ISSN 1582-2559. (Scopus - Journal Metrics: CiteScore = 1,2. SJR = 0.28, SNIP = 0,918, Web of Science (Clarivate Analytics) (ESCI)).

Главната цел на овој труд е мерењето на квалитетот на студентскиот живот како еден од клучните фактори кој влијае на просперитетот на студентите не само на професионално ниво, туку и на нивниот индивидуален развој. Концептот во овој труд е анализиран преку сегашното теоретско знаење, како и анализи на резултатите од истражувањето спроведено меѓу студентите на Факултетот за туризам и деловна логистика на Универзитетот „Гоце Делчев", Штип. Заклучоците што произлегоа од истражувањето нудат модел за подобрување на психофизичкото здравје, со цел да се подобри квалитетот на студентскиот живот, а со тоа да се промовира социјалниот напредок и да се придонесе во зајакнување на врските помеѓу општеството, семејството, институциите и научноистражувачката работа.

18. **Mitreva, E.,** Gorkov, Parapunova, E., Gjorshevski, H. and Tushi, B. (2020). *Application of the Total Quality Management (TQM) Philosophy in a Macedonian Air Conditioning Company. Quality - Access to Success, 21* (175). pp. 45-51. ISSN 1582-2559. (Scopus - Journal Metrics: CiteScore = 1,2. SJR = 0.28, SNIP = 0,918. Web of Science (Clarivate Analytics) (ESCI)).

Овој труд ја анализира примената на системот за квалитет што е моментално воспоставен во македонска компанија за климатизација и можноста да се имплементира систем за тотално управување со квалитет (TQM) врз основа на тоа истражување. Со успешното спроведување на новата филозофија на TQM, сите внатрешни процеси во компанијата и вработените се насочени кон подобрување, осигурување на квалитетот, како и исполнување на барањата и желбите на сите вклучени страни. Системот TQM, исто така, игра огромна улога во подобрувањето на лојалноста и довербата на клиентот, кредибилитетот и имиџот на компанијата, како и нејзиниот удел и пласман на пазарот.

19. **Mitreva, E.,** Sazdova, J. and Gjorshevski, H. (2019). *Application of total management of quality in the Macedonian hotel industry. Quality - Access to Success, 20*(172). pp. 25-33. ISSN 1582-2559. (Scopus - Journal Metrics: CiteScore = 1,2. SJR = 0.28. SNIP = 0,918. Web of Science (Clarivate Analytics) (ESCI)).

Во овој труд се презентирани резултатите од истражувањето во однос на пристапот кон тоталното управување со квалитетот во македонската хотелска индустрија. Анализата е направена преку четирите столба на куќата за квалитет: внатрешна стандардизација, контрола на квалитетот, оптимизација на трошоците на квалитет и едукација и обука на вработените. Истражувањето во овој труд ја утврди „возраста" или т.е. нивото на развој на хотелските капацитети во согласност со столбовите од куќата на квалитет *(од млад и неразвиен систем до зрел и развиен систем). Резултатите од истражувањето повлекоа насоки* во процесот на развој на системот за квалитет во хотелската индустрија во Р.С. Македонија преку примена на стратегијата на *TQM (*целосно управување со квалитет*).*

20. **Mitreva, E.,** Gjurevska, S., Taskov, N. and Gjorshevski, H. (2019). *Application of methods and techniques for free production in a company for manufacture of bread and bakery products. Quality - Access to Success, 20* (171). pp. 141-145. ISSN 1582-2559. (Scopus - Journal Metrics: CiteScore = 1,2. SJR = 0.28, SNIP = 0,918. Web of Science (Clarivate Analytics) (ESCI)).

Овој труд ја користи методологијата на статистичка процесна контрола *(SPC)* како потсистем на системот на *TQM, што ќе им помогне на македонските менаџери во дизајнирање*то на добар систем. Оваа методологија нуди поддршка на врвниот менаџмент со цел, да ги покаже резултатите од имплементацијата на некои од методите и техниките во реални услови, во некои македонски компании*, но со* вклученост и посветеност на вработените*, бидејќи токму* тие се носители на процесот кој го подобруваат. Во овој труд се применуваат: Карта на трендот, Контролните карти *(X и P),* Парето дијаграм и Ишикава пристапот. *Од добиените резултати од истражувањето стана јасно дека користењето на методологијата на SPC* и методологијата за оптимизација на трошоците може да го постигне дефинираниот квалитет и подобра продуктивност со најниски оперативни трошоци.

21. **Mitreva, E.,** Tashkova, S. and Gjorshevski, H. (2019). Optimization of Business Processes in a Transport Company in The Republic of North Macedonia. *TEM Journal, 8* (3). pp. 879-887. ISSN 2217-8309 / 2217-8333 (Online). (Scopus - Journal Metrics: CiteScore = 0,7. SJR = 0.17. SNIP 0.587. Web of Science (Clarivate Analytics) (ESCI)).

Целта на овој труд е да покаже како услужна компанија, чија главна активност е транспорт и складирање, ги наоѓа тесните грла во работата, а потоа создава промени чија реализација се одвива преку процесот на оптимизација. Предмет на истражување во овој труд е имплементацијата на софтверско решение за транспорт и складирање на конкурентски компании во РС Македонија. За таа цел е претставена работата на една од компаниите, која е корисник на услугите, како и придобивките што произлегуваат од имплементација на ваков софтвер. Оптимизацијата на транспортот (транспортните патишта) и складирањето се области со силен потенцијал за подобрување. Со помош на софтверот за управување со транспорт, оптимизацијата на трошоците се постигнува со наоѓање на најприфатливи и економични рути.

22. **Mitreva, E.,** Sazdova, J. and Gjorshevski, H. (2019). *Quality management system applications in the hotel industry in Macedonia. Quality - Access to Success, 20* (170). pp. 68-72. ISSN 1582-2559. (Scopus - Journal Metrics: CiteScore = 1,2. SJR = 0.28, SNIP = 0,918. Web of Science (Clarivate Analytics) (ESCI)).

Овој труд ги претставува наодите од истражувањето што се однесуваат на пристапот кон квалитетот во хотелиерството во Македонија, способноста на менаџерите да изградат стандардизиран систем за квалитет, како и насоките што треба да се преземат со цел да се подобрат деловните процеси, производи и услуги. Решението треба да се најде во развојот на системот за квалитет, подобрување на персоналот, воведување упатства за подобрување на квалитетна услуга и подобрување на процесите.

23. **Mitreva, E.,** Mitkovska, T., Filiposki, O. and Gjorshevski, H. (2019). *IPARD 1 Programme - Why and How Its Implementation Did Not Succeed in Macedonia. TEM Journal, 8 (2).* pp. 437-443. ISSN 2217-8309 / 2217-8333 (Online). (Scopus - Journal Metrics: CiteScore = 0,7. SJR = 0.17. SNIP 0.587. Web of Science (Clarivate Analytics) (ESCI)).

Целта на оваа студија е анализа на имплементацијата на ИПАРД 1 програмата во Македонија во периодот 2007-2013 година и нејзината неуспешност. *Анализата е направена од фазата на планирање на активностите, начинот на финансирање, причините за неуспехот, појавата на првите негативни индикатори* во процесот на имплементација, како и работењето и функционирањето на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој во Македонија - Агенција ИПАРД. Во оваа студија, покрај приказот на ситуацијата, направени се релевантни заклучоци со цел да се откријат причините за аномалиите*, но и се нудат* подобри решенија што следат*, т.е. решенија за* успешна имплементација на ИПАРД 2 програмата што е во тек.

24. **Mitreva, E.** Gjorgjieva, S., Filiposki, O. and Gjorshevski, H. (2019). *Stress and quality of life among higher education students in Macedonia. Quality - Access to Success, 20* (169). pp. 166-170. ISSN 1582-2559. <u>(Scopus - Journal Metrics: CiteScore = 1,2. SJR = 0.28, SNIP = 0,918. Web of Science (Clarivate Analytics) (ESCI)).</u>

Овој труд го разгледува феноменот стрес присутен кај студентите од високото образование на Факултетот за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Република Македонија. Истражувањето вклучува повеќе прашања во врска со причините за појава на стрес кај редовните студенти кои се алармантно изложени, што може негативно да влијае не само на резултатите од студирањето, туку и на способноста за работа и нивното здравје. Овој сеопфатен извештај содржи анализа и евалуација на најголемиот и најзначајниот дел од активностите на студентите на факултетот. Ова истражување би можело да биде почетна точка за упатување и размислување за некои други модели на студирање.

25. **Mitreva, E.,** Sazdova, J. and Gjorshevski, H. (2018). *Management with the Quality Control System in the Hotel Industry in Macedonia. Tem Journal, 7*(4). pp. 750-757. ISSN 2217-8309 (Print). <u>(Scopus - Journal Metrics: CiteScore = 0,4. SJR = 0.15. SNIP 0.587. Web of Science (Clarivate Analytics) (ESCI)).</u>

Овој труд ги презентира наодите од истражувањето во врска со пристапот кон контрола на квалитетот во хотелската индустрија во Македонија и способноста на менаџерите да создадат добар систем за добар квалитет, како и насоките што треба да ги направат за подобрување на деловни процеси, производи / услуги.

26. **Mitreva, E.** and Gjurevska, S. (2018). The need for a quality system in a company for bread and bakery production in Macedonia. *Quality - Access to Success, 19 (166)*. pp. 118-124. ISSN 1582-2559. <u>(Scopus - Journal Metrics: CiteScore = 0,8. SJR = 0.233, SNIP = 0,333. Web of Science (Clarivate Analytics) (ESCI)).</u>

Во овој труд е презентирано истражувањето за примената на филозофијата на TQM *(тотален менаџмент на квалитет)* во компанијата за леб и печива и нејзиното влијание врз вкупните перформанси. Резултатите од истражувањето покажаа дека системот за квалитет силно влијае на остварувањето на целите на компанијата. Затоа, филозофијата на TQM игра клучна улога, а оптимизацијата на деловните процеси е основа за функционирање во деловната заедница.

27. **Mitreva, E.,** Gjurevska, S. and Gjorshevski, H. (2018). Optimization of the Business Processes in a Company for Manufacture of Bread and Bakery Products in Macedonia. *Tem Journal, 7 (2)*. pp. 439-445. ISSN 2217-8309. <u>(Scopus - Journal Metrics: CiteScore = 0,4. SJR = 0.15. SNIP 0.587. Web of Science (Clarivate Analytics) (ESCI)).</u>

*О*вој труд го разгледува проблемот со оптимизацијата на деловните процеси*,* како еден од столбовите на *„*куќата на квалитет*“,* во компанија за леб и печива*. Трудот ја дизајнира и* имплементира методологијата за анализа на трошоците за квалитет преку примена на филозофијата на тотален менаџмент на квалитет (TQM). Придобивките од користењето на овој модел не се само зголемување на деловните резултати на компанијата, туку и зголемување на посветеноста на врвниот менаџмент и вработените кон подобрување на процесите, задоволството на клиентите, вработените, акционерите, добавувачите*, заедница*та*.*

28. **Mitreva, E.,** Taskov, N., Krivokapić, Z. and Jovanovic, J. (2018). Building Partnership with Suppliers of Macedonian Companies. *Quality - Access to Success, 19 (163*). pp. 43-

46. ISSN 1582-2559. (Scopus - Journal Metrics: CiteScore = 0,8. SJR = 0.233, SNIP = 0,333. Web of Science (Clarivate Analytics) (ESCI)).

Овој труд ги покажува резултатите од поголемата студија во однос на планирањето и имплементацијата на филозофијата за тотално управување со квалитет (TQM) и градењето партнерства со добавувачите во голем број македонски компании. *Резултатите од истражувањето укажуваат на фактот дека многу од компаниите во Македонија градат формални односи со добавувачи*те кои не ги даваат посакуваните резултати. За да се постигне одржлив развој, македонските компании треба да ги елиминираат старите навики и проактивно да се фокусираат на развој на долгорочни партнерства со добавувачите, *обезбедувајќи техничка поддршка за обука* и подобрување на процесите, квалитетот на производот, продуктивноста, односно со еден збор прифаќајќи ја филозофијата на TQM.

29. **Mitreva, E**., Filiposki, O., Taskov, N., Srebrenkoska, V., Lazarevski, I. and Jovanovic-Malinovska, R. (2018). The Need for Analysis of Costs of Quality in Macedonian Companies. *Quality - Access to Success, 19 (162).* pp. 51-55. ISSN 1582-2559. (Scopus - Journal Metrics: CiteScore = 0,8. SJR = 0.233, SNIP = 0,333. Web of Science (Clarivate Analytics) (ESCI)).

Предмет на интерес на овој труд е истражувањето спроведено во македонските компании во однос на анализата на нивните трошоци за квалитет. Резултатите од истражувањето треба да им помогнат на менаџерите да го разберат влијанието на слабиот квалитет врз финансиските резултати и имиџот на компанијата. Податоците добиени од истражувањето понудија насоки и решенија, а пред сѐ развој на методологија за анализа на вкупните трошоци за даден процес.

30. **Mitreva, E.,** Taskov, N., Krivokapić, Z. and Jovanovic, J. (2018). Measuring the (dis) Satisfaction of the Employees in the Macedonian Companies. *The International Journal of Educational Leadership and Management (IJELM), 6* (1). pp. 2-17. ISSN 2014-9018. (Web of Science (Clarivate Analytics) (ESCI)).

Во овој труд се презентирани резултатите од истражувањето направено во македонските компании во однос на компетенциите и способноста на раководството да ги мотивира вработените ефикасно да ја извршуваат својата работа и да ја зачуваат својата иницијатива и посветеност кон работата. Податоците добиени од истражувањето помогнаа во дефинирање на мерките што треба да ги преземе раководството со цел да се утврдат трајни вредности за вработените и задоволство на сите заинтересирани страни.

31. **Mitreva, E.,** Taskov, N., Srebrenkoska, V., Filiposki, O., Lazarevski, I. and Jovanovic-Malinovska, R. (2017). Application of methods and techniques for quality in the Macedonian companies. *Quality - Access to Success, 18 (160).* pp. 73-78. ISSN 1582-2559. (Scopus - Journal Metrics: CiteScore = 0,9. SJR = 0.23, SNIP = 0,333. Web of Science (Clarivate Analytics) (ESCI)).

Истражувањето во овој труд е анализа на моменталната состојба во македонските компании во доменот на примената на методите и техниките за квалитет во водењето на деловните процеси. Процесот на добивање на квалитет е поврзан не само со работата на луѓето, туку и со машините, технологијата на производствените процеси итн. Поради тоа е потребно да се има контрола што ќе ја процени стабилноста и способноста на деловните процеси. Податоците од истражувањето помогнаа во создавањето на методологијата на потсистемот – статистичка процесна контрола која треба да помогне во подобрување на перформансите на деловните процеси, а исто така ќе помогне во дефинирање на мерките за реализација на одржливи деловни системи и да се поттикне иновацијата.

32. **Mitreva, E.,** Taskov, N., Filiposki, O., Lazarevski, I., Srebrenkoska, V. and Gjorshevski, H. (2017). Measuring the Business Results in the Macedonian Companies. *TEM Journal, 6 (3).* pp. 558-566. ISSN 2217-8309 / 2217-8333. (Scopus - Journal Metrics: CiteScore = 0,1. SJR = 0.15. SNIP 0.587. Web of Science (Clarivate Analytics) (ESCI)).

Главната цел на овој труд е да даде свој придонес во развојот на современи научни пристапи и нивна примена во деловното опкружување засновано врз истражувањата направени во македонските компании во доменот на мерење на деловните резултати во процесот на водење на деловни процеси. На овој начин се инсистира на подобрување

на перформансите на деловните процеси во македонските компании, особено во делот на поттикнување и развој на иновациите и претприемништвото како во компании со сертифициран систем за квалитет, но и кај оние без систем за квалитет.

33. **Mitreva, E.,** Taskov, N., Filiposki, O., Lazarevski, I. and Gjorshevski, H. (2017). The Success of Projecting and Implementing Quality System in the Macedonian Companies. *TEM Journal, 6 (2)*. pp. 372-379. ISSN 2217-8309. (Scopus - Journal Metrics: CiteScore = 0,1. SJR = 0.15. SNIP 0.587. Web of Science (Clarivate Analytics) (ESCI)).

Истражувањето во овој труд е направено со цел да се анализира моменталната состојба на македонските компании, во доменот на проектирање, имплементација и сертифицирање на системот за квалитет. Добиените податоци од истражувањето ги обединија искуствата и реалностите на голем број организациски системи во Македонија.

34. **Mitreva, E.,** Pancev, D., Gjorshevski, H., Filiposki, O. and Metodijeski, D. (2017). The implementation of the Quality Costs Methodology in the Public Transport Enterprise in Macedonia. *TEM Journal, 6 (1)*. pp. 153-161. ISSN 2217-8309. (Scopus - Journal Metrics: CiteScore = 0,1. SJR = 0.15. SNIP 0.587. Web of Science (Clarivate Analytics) (ESCI)).

Целта на оваа студија е утврдување на важноста на квалитетот на транспортните услуги што ги нуди јавното транспортно претпријатие во Р. Македонија, методите и техниките за мерење на стабилноста на деловните процеси, како и оптимизација на истите. *Анализата на трошоците за квалитет при обезбедување транспортни услуги може да им помогне на менаџерите да го разберат влијанието на слабиот квалитет врз финансиските резултати и лошата* репутација. *Во оваа студија* се дизајнираше *и* се примени моделот за подобри перформанси и поголема ефикасност на транспортното претпријатие, преку оптимизација на деловните процеси, промена во корпоративната култура и користење на деловните потенцијали.

35. **Mitreva, E**., Angelovski, G., Filiposki, O., Taskov, N. and Gjorshevski. H. (2016). Optimization of Business processes in Airport Services Company in Macedonia using the TQM Philosophy, *TEM JOURNAL, 5(4),* 507-514, ISSN 2217-8309, DOI: 10.18421/TEM54-15. (Scopus - Journal Metrics: CiteScore = 0,1. SJR = 0.15. SNIP 0.587. Web of Science (Clarivate Analytics) (ESCI)).

Во оваа студија е дадена дијагностика на некои деловни процеси во компанијата за аеродромски услуги во Македонија. Во трудот се примени методологијата на системот на *TQM (Total Quality Management) во секторот за одмрзнување и заштита од мраз на авионите. Со имплементацијата на овој* систем се најде оптимално решение за непречено работење во аеродромскиот сообраќај. На овој начин, дојде до промена на парадигмата на компанијата - не работете напорно, туку паметно, со постојано подобрување на процесите, притоа земајќи ги предвид потребите и желбите на клиентите и профитот. Во ова истражување се применети и други методи и техники како: Парето дијаграм, Ишикава пристап, Чек листа, Карта на тренд, сè со цел да се идентификуваат проблемите и да се најде оптимално решение.

36. **Mitreva, E**., Cvetkovik, D., Filiposki, O., Metodijeski, D. and Gjorshevski, H. (2016). The Effects of Total Quality Management Practices on Performance within a Company for Frozen Food in the Republic of Macedonia, *TEM Journal. Volume 5, Issue 3*, Pages 339-346, ISSN 2217-8309, DOI: 10.18421/TEM53-14. (Scopus - Journal Metrics: CiteScore = 0,1. SJR = 0.15. SNIP 0.587. Web of Science (Clarivate Analytics) (ESCI)).

Предмет на овој труд е проектирање и имплементација на филозофијата на *TQM во рамките на компанијат*а за замрзната храна која се занимава со преработка, производство, дистрибуција и продажба на производи од полжави, *но* исклучиво за извоз. Анализирајќи ги деловните процеси во компанијата за обработка на полжави со користење на методологијата на *TQM се докажа дека перформансите се значително подобрени. Резултатите од ова истражување покажаа дека имплементацијата на TQM* во оваа компанија не само што придонесе за подобрување на квалитетот на производите за преработка на полжав, туку и задоволство на потрошувачите, добавувачите, работодавците и заедницата.

37. **Mitreva, E.** Cvetkovik, D., Filiposki, O., Metodijeski, D. and Gjorshevski, H. (2016). *Implementation of the methodology for flawless operation at a frozen food company in the*

*Republic of Macedonia. Calitatea - acces la succes (Quality - Access to Success), 17 (153).* pp. 92-98. ISSN 1582-2559 (Scopus - Journal Metrics: CiteScore = 1,00. SJR = 0.26, SNIP = 0,333, Web of Science (Clarivate Analytics) (ESCI)).

Во овој труд се дадени резултатите од имплементацијата на методологијата за беспрекорно работење во компанијата за обработка на полжави во делот на дизајнирање на систем за квалитет. Во текот на дизајнирањето на стандардните оперативни процедури се примени соодветна методологија за примена на методите и техниките за беспрекорно производство. Оваа методологија понуди поддршка од највисокото раководство стекната како резултат на презентација на резултатите од спроведувањето*, како и* вклученост и посветеност на секој вработен, бидејќи оние што се занимаваат со тие процеси се оние што ги подобруваат.

38. **Mitreva, E.,** Nikolov, E. and Nikolova, B. (2016). *Application of Total Quality Management (TQM) in the Macedonian Railways - transport in the Republic of Macedonia. Calitatea-acces la succes, 17 (151).* pp. 55-60. ISSN 1582-2559. (Scopus - Journal Metrics: CiteScore = 1,00. SJR = 0.26, SNIP = 0,333, Web of Science (Clarivate Analytics) (ESCI)).

Предмет на овој труд е дизајнирање и имплементација на филозофијата за тотално управување со квалитет (TQM) во некои сегменти на Македонски железници - Транспорт кои произведуваат услуги од јавен интерес во Република Македонија. Со анализа на деловните процеси на компанијата и нивно оптимизирање се постигна постојано надминување на очекувањата на корисниците на услугите. *Резултатите од оваа студија покажаа дека примената на тоталното управување со квалитетот во Македонски железници - Транспорт не само што доведува до подобрување на квалитетот на услугата, туку и до зголемена продуктивност и оптимизација на* трошоците на квалитет.

**Трудови објавени во меѓународни научни списанија:**

39. **Mitreva, E.** and Tushi, B. (2019). *The Quality of Student Life in the Republic of North Macedonia. Iliria International Review, 9* (2). pp. 99-118. ISSN 2365-8592. (EBSCO).

Истражувањето што е предмет во овој труд е во насока на мерење на квалитетот на студентскиот животот во области што се важни за нив. Резултатите покажаа до кој степен секоја од овие области учествува во целокупниот студентски квалитет на живот. Концептот на овој труд е анализиран преку тековните теоретски сознанија, како и анализи на резултатите од ова истражување направени меѓу студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика на Универзитетот „Гоце Делчев“, Штип. Со цел да се подобри квалитетот на животот на студентите, а со тоа и на една нација и да се формира поголема социјална и здравствена политика, не е доволно да се земат предвид само економските и социјалните индикатори.

40. Dimitrov, N., Koteski, C., Jakovlev, Z., Taskov, N., Metodijeski, D., **Mitreva, E.**, Magdinceva Sopova, M., Josheski, D., Boskov, T., Angelkova, T. and Filiposki, O. (2019). *Regional historical – geographical overview of tourism in the Republic of Macedonia. SocioBrains, International scientific refereed online journal with impact factor (54*). pp. 103-113. ISSN 2367-5721. (EBSCO).

Трудот претставува регионален историски и географски пресек на туризмот во Република Македонија. Во анализата доминира регионалниот преглед на бројот на сместувачки капацитети и туристичка посета. Целта на истражувањето е аргументација за рангирањето и вреднувањето на туристичките региони од нивната прва поделба до денес.

41. Dimitrov, N., Taskov, N., Koteski, C., **Mitreva, E.,** Metodijeski, D., Angelkova, T., Josheski, D. and Filiposki, O. (2018). Transformation of Tourism in the Republic of Macedonia in the last 100 years. *International Journal of Humanities Social Sciences and Education (IJHSSE), 7* (09). pp. 9-13. ISSN 2349-0373 (Print) / 2349-0381 (Online).

Трудот претставува сублимирана анализа од научниот и истражувачки проект за туризмот и угостителството. *Целта на трудот е да се разберат почетокот и* развојот на туризмот, анализа на податоците за туристичката посета, сместувачките капацитети, дефинирањето на проблемите со кои се соочува туризмот во земјата и обезбедувањето насоки за промоција на туризмот.

**42. Mitreva, E.,** Filiposki, O., Taskov, N., Krivokapić, Z. and Jovanovic, Jelena (2017). Motivation: A significant factor for quality assurance in Macedonian companies. *International Society for Development and Sustainability (ISDS), 6* (9). pp. 1170-1183. ISSN 2186-8662. (EBSCO).

Истражувањето во оваа студија е спроведено за да се согледа постојната состојба во македонските компании во доменот на дизајнирање систем за мотивација на вработените и да се види дали менаџментот успева да ги усогласи своите очекувања со резултатите на организацијата. Податоците добиени од истражувањето, исто така, помогнаа да се дадат корисни насоки во развојот на методологија за мотивирање на вработените како основен столб во градењето систем за обезбедување квалитет.

**43. Mitreva, E.,** Taskov, N. and Gjorshevski, H. (2017). High performance management practices and sustainability outcomes within higher education institutions. *The European Proceedings of Social & Behavioural Sciences EpSBS, 23*. pp. 227-240. ISSN 2357-1330. (Published in the EpSBS - indexed in Web of Science WOS Clarivate ISI Conference Proceedings Citation Index (ISI CPCI).

Во овој труд е вложен напор да се развие универзална, интегрална методологија за дизајнирање и имплементација на TQM систем во високото образование. Имплицираната методологија е интегрална и универзална, што значи дека е применлива за сите високообразовни институции без оглед на нивната природа. Интегралната методологија има рефлектирачко влијание како резултат од неопходноста од трајно унапредување на образовните процеси. Повторување, па дури и спирален тек на таквите циклуси може да овозможи да се согледаат придобивките од користењето на истата*, со што се менува односот на организацијата кон тие иницијативи и претставува стимулација кон повисоки цели на совршенство. Оваа методологија* ќе даде успех во унапредувањето на образовните процеси во македонското високо образование.

**44. Mitreva, E.,** Stojanovski, G., Taskov, N., Metodijeski, D. and Gjorshevski, H. (2017). The need for local government reform in the Republic of Macedonia. *International Journal of Information, Business and Management, 9 (*2). pp. 92-97. ISSN 2076-9202. (SJIF: 3.91; UIF: 4.8; EBSCO).

Во овој труд е направена анализа во однос на управувањето со локалната самоуправа во повеќе општини во земјата. Резултатите од трудот го одразуваат работењето*, но* и перформансите на македонските општини по процесот на децентрализација. Насоките што произлегоа од истражувањето понудија деловни концепти за квалитетот на јавните услуги на општините*,* како даватели на услуги*, но* и граѓаните како клиенти.

**45. Mitreva, E.** and Krivokapić, Z. (2017). Analiza postojećeg stanja makedonskih kompanija u odnosu na model poslovne izvrsnosti. *Kvalitet & Izvrsnost, 3 (*4).

Предметот на истражување во овој труд се однесува на проценка на состојбата на системите за управување на македонските компании во однос на моделот на деловна извонредност. Компаниите беа анализирани преку прашалници и детална анализа на состојбата според критериумите за добивање Европска награда за квалитет. Овие критериуми проценуваат каде компаниите би биле во конкуренција за Европската награда за квалитет. Добиените податоци ги обединија искуството и реалноста на значителен број сертифицирани организациски системи во Црна Гора и Македонија. Анализата на податоците, принципите и стратегиите што резултираа од ова истражување треба да помогнат при развивање модели за подобрување на организациските перформанси.

**46. Mitreva, E.,** Filiposki, O. and Taskov, N. (2017). The Need for Employee Education and Training in Macedonian Companies. *International Journal of Management Excellence, 9* (1). pp. 1033-1039. ISSN 2292-1648 (SJR: 0,3).

Овој труд ги прикажува резултатите добиени врз основа на истражувањето во македонските компании во однос на обуката и развојот на вработените*, како* и посветеноста на највисокото раководство да ги подобри знаењата и вештините на вработените и да го пренесе тоа знаење, што е основа за постојано подобрување на квалитетот. Резултатите од ова истражување ја покажаа потребата од создавање методологија за организациско образование како дел од целокупната методологија за дизајнирање и имплементација на TQM (тотално управување со квалитет) во компаниите.

**47.** Metodijeski, D., **Mitreva, E.,** Taskov, N. and Filiposki, O. (2017). Public-Public Partnership and Tourism Development Strategy: The Case of Municipality of Gazi Baba in Macedonia. *International Journal of Social, Behavioral, Educational, Economic, Business and Industrial Engineering, 11* (4). pp. 846-850. ISSN 2010-376X.

Предмет на овој труд е компаративна анализа во однос на законодавството за туризам на избрани балкански земји, што се гледа низ призмата на законот за туризам во Македонија, Хрватска, Србија и Бугарија. Трудот дава основни податоци за избраните балкански земји како: карактеристики на територијата, населението*, број*от на меѓународни туристи, законот за туризам и постоење на национална туристичка организација. Завршните забелешки на трудот се однесуваат на структурата, разликите и сличностите на законите за туризам*, но и* применетото законодавството кое ги одредува начините и насоките за развој на туризмот во земјите од Балканот.

**48.** **Mitreva, E.,** Taskov, N., Atanasoski, D., Gjorshevski, H. Sazdova, J. and Gjeorgieva, I. (2016). Integrating supplier satisfaction with customer satisfaction in the projection and implementation of the TQM system in Macedonian companies. *The International Journal of Information, Business and Management (IJIBM*), 8 (2). pp. 25-34. ISSN 2076-9202 (Print), 2218-046X (Online). (SJIF: 3.91; UIF: 4.8; EBSCO).

Овој труд е анализа на состојбата во 151 компанија во Македонија во однос на начинот на кој компанијата управува со добавувачите и суровините и начинот на кој ги гради деловните односи. Овој труд дава и анализа од собраните податоци во врска со задоволството на потрошувачите за квалитетот на производите / услугите. Исто така, трудот ги нагласува *и* мерките што треба да ги преземат компаниите за да ја подобрат нивната конкурентност.

**49.** **Mitreva, E**., Nikolov, E., Nikolova, B. Taskov, N. and Dimitrov, N. (2016). Methodology for Optimizations of Business Processes in Macedonian Railways - Transport in the Republic of Macedonia. *Mediterranean Journal of Social Sciences, 7* (3). pp. 394-402. ISSN 2039-2117 (Online). (SJR: 0,135).

Овој труд ја анализира компанијата Македонски железници - Транспорт со цел да идентификува дали има ефикасен систем за квалитет преку следење на начинот на управување со деловните процеси (идентификација, документација и контрола) и дали е изградена документација за ефикасноста на системот. Во овој труд, со примена на методологиите*:* Шест сигма*; 8D (осум дисциплини) и PFMEA* методата беа оптимизирани деловните процеси во Одделот за приходи. Добиените резултати покажаа дека спроведувањето на овие методологии доведе до подобар квалитет на услугата и подобра продуктивност при оптимални трошоци на работење.

Трудовите објавени во индексирани списанија достапни на интернет како Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, Emerald, Ebsco и во меѓународни научни списанија, а се постари од 5 години, се презентирани и научно евалуирани во реферaтот за избор на кандидатката во наставник во звањето доцент (Универзитетски билтен бр. 61 од 1.6.2011 година) и реферaтот за наставник во звањето вонреден професор (Универзитетски билтен бр. 164 од 1.3.2016 година).

**Во изборниот период, д-р Митрева има одржано неколку предавања по покана на научни институции во земјava, и тоа:**

**50.** Гостин-предавач на зимската школа за градење на капацитети за настап на пазарот на труд, за зајакнување на личните, академските и професионалните вештини и способности на студентите Роми во рамките на проектот „Зголемување на пристапот и учеството на студенти Роми во високото образование и транзиција на пазарот на труд“ финансиран од Европската Унија и Ромскиот образовен фонд (РЕФ) од Будимпешта, Охрид, 4-7 март 2020.

**51.** Предавач на тема „Измените на стандардот МКС EN ISO 9001:2015“, во организација на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија. (11.06.2019).

**52.** Предавач на тема „МКС EN ISO 9001:2015 Системи за менаџмент со квалитет“ во организација на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија за бизнис секторот (28.1.2019).

**Во својата научноистражувачка активност**, *д-р* **Митрева** *е* **раководител на следните научни проекти:**

**53.** Проект „Модел за подобрување на перформансите во хотелската индустрија и туризмот“ (проект на ФТБЛ финансиран од ФНИП на УГД, Одлука бр. 0201-545/9 од 29.5.2017 (Универзитетски сенат). (2017-2019);

**54.** Проект „ Developing a model for performance improvement of business processes by an application of benchmarking strategy based upon examples of innovation (арх.бр. 17-1395/1 од 26.1.2016 година). Билатерален проект помеѓу Република Македонија и Црна Гора во периодот 2016-2018 година, финансиран од страна на Министерство за образование и наука.

**Во изборниот период, д-р Митрева има одржано две самостојни изложби во земјава, и тоа:**

**55.** Самостојна изложба на слики под наслов: „Бакнати порти“ (комбинирана техника на платно). (2019). Безистен, Штип во соработка со Музеј - Штип и Министерство за култура на РС Македонија.

**56.** Самостојна изложба „Бакнато време“ (комбинирана техника на платно). (2017). Безистен, Штип, во соработка со Музеј - Штип.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Покрај објавени трудови кои го потврдуваат афинитетот и стручноста за научноистражувачка дејност, д-р Митрева објавува и трудови во зборници на трудови на научни собири во земјата и странство:

**57.** **Mitreva, E.,** Dablinska, M. and Petkovska, V. (2019). How can students manage their lives in the Republic of North Macedonia? *Conference proceedings from the second international scientific conference ISCTBL 2019,* 13 Sept 2019, Stip, North Macedonia.

Главната цел на овој труд е да се измери квалитетот на студентскиот живот преку повеќе индикатори спроведено меѓу студентите на Факултетот за туризам и деловна логистика при Универзитет *„Гоце Делчев“, Штип. Заклучоците што излегоа нуда*т модел за подобрување на психофизичкото здравје на студентите*, со цел да се подобри квалитетот на* нивниот живот, а со тоа да се промовира социјалниот напредок и да се придонесе за зајакнување на врските помеѓу општеството, семејството, институциите и научноистражувачката работа.

**58.** **Mitreva, E.** (2019) Management with the system of education and motivation of employees in the hotel industry in Macedonia. *In: 13. International Quality Conference, 29 May - 1 June 2019, Kragujevac, Serbia.*

Овој труд ги презентира наодите од истражувањето во врска со подготвеноста на врвниот менаџмент и вработените за доживотно учење и пристапот кон квалитетот на хотелската услуга во Македонија. Резултатите од овој труд покажаа колку највисокото раководство на хотелските капацитети е подготвено за учење и колку таа потреба им се пренесува на вработените.

**59.** **Mitreva, E.** and Sazdova, J. (2018). Management with the cost of quality in the hotel industry of Macedonia. *In: VI international scientific conference - Quality system condition for successful business and competitiveness*, 28–30 Nov 2018, Kopaonik, Serbia.

Овој труд ги презентира наодите од истражувањето во врска со анализата на трошоците за квалитет во хотелската индустрија во Македонија, способноста на менаџерите да создадат добар систем за квалитет, како и насоките што треба да ги следат во процесот на оптимизација на деловните процеси. Дизајнирање и примена на тотален менаџмент на квалитет наместо класична контрола на квалитетот на производите / услугите подразбира промена на организациската структура каде квалитетот е интегриран во секој сегмент од работењето.

**60.** Taskov, N., Sazdova, J. and **Mitreva, E.** (2018). Management in the development of tourism in the north-east of Macedonia. *In: The 34th International Scientific Conference on Economic and Social Development – XVIII International Social Congress (ISC-2018*), 18-19 Oct 2018, Moscow, Russia.

Во овој труд се направи анализа на компаниите кои работат во хотелиерството и угостителството во североисточниот регион на Македонија. Резултатите од истражувањето покажаа дека компаниите треба постојано да работат на унапредување на деловните процеси, како и употреба на различни алатки и техники во маркетинг активностите кои ќе им помогнат да го зајакнат брендот и да го зголемат бројот на туристи и клиенти.

61. **Mitreva, E.,** Lazarovska, E. and Filiposki, O. (2018). Implementation of the Six Sigma Methodology in A-ROSA hotel. *In: 33rd International Scientific Conference on Economic and Social Development – "Managerial Issues in Modern Business*, 26-27 Sept 2018, Warsaw, Poland.

Оваа студија ја покажува анализата на некои деловни процеси во компанијата за угостителски услуги, односно хотелското одморалиште „А-РОСА", Германија. Во трудот се применува Методологијата на шест сигма со цел да се најде оптимално решение за извршување на деловните процеси на заедничко задоволство на сите вклучени страни. Применети се и други алатки и техники како: Парето дијаграм, Ишикава дијаграм, Картата на тренд итн. Имплементацијата на методологијата на шест сигма го зајакна брендот на компанијата и го зголеми бројот на туристи и клиенти.

62. **Mitreva, E.**, Lazarevska, E., Filiposki, O. and Gjorshevski, H, (2018). The road to perfection through continuous improvement of the business processes in the hotel A-ROSA. *In: 7th International Symposium on Industrial Engineering - SIE 2018, 27-28 Sept 2018, Belgrade, Serbia.*

Во оваа студија беше извршена анализа на компанијата за угостителски услуги - Хотелско одморалиште „А-РОСА" во Германија со цел да се идентификува дали има ефикасен систем за квалитет. Анализата е направена како обид да се согледа постојната состојба во оваа компанија во доменот на дизајнирање и имплементација на системот за квалитет. Резултатите од примената на методологијата за целосно управување со квалитет (TQM) покажаа дека е можно да се постигне визијата и главните цели на компанијата кон исполнување на потребите на внатрешните и надворешните клиенти, точно на време, додека се елиминираат процесите што не додаваат вредност.

63. Metodijeski, D., Taskov, N., Filiposki, O. and **Mitreva, E.** (2018). Perspectives for Development of Cultural Tourism in Kokino. Giving gift to God: evidences of votive offerings in the sanctuaries, temples and churches: *proceedings of the 1 st & 2nd International archaeological conference "Kokino", held in Skopje & Kumanovo,* 2016-2017. pp. 237-244. ISSN 978-608-4792-10-9.

Целта на овој труд е да ги претстави потенцијалите на локалитетот Кокино како атракција и генератор на посети од страна на туристите. *Трудот ја испитува постојната литература поврзана со развојот на културниот туризам во областа на античките опсерватории и нивното управување за туристички цели.* Во трудот беа искористени секундарни податоци од релевантни извори за да се направи модел за развој на туризмот. На крајот од трудот се дадени препораки за насоките по кои треба да се движи локалитетот Кокино во можноста за привлекување странски и домашни туристи.

64. **Mitreva, E.,** Filiposki, O., Krivokapić, Z. Jovanovic, J. and Taskov, N. (2017). Leadership – dedication to the Quality Management System and customer focus in Macedonian companies. *In: 24th International Scientific Conference on Economic and Social Development – "Managerial Issues in Modern Business*", 13-14 Oct 2017, Warsaw, Poland.

Овој труд ги презентира наодите од истражувањето во врска со капацитетот на лидерството во македонските компании, способноста да се донесуваат одлуки и да се практикува тимска работа во согласност со критериумите за добивање на Европската награда за квалитет.

65. **Mitreva, E.** and Chacorovski, Z. (2017). Vehicle (LV) fleet management optimisation - process transformation. In: Economic and Social Development (Book of Proceedings), *23rd International Scientific Conference on Economic and Social Development,* 15-16 Sept 2017, Madrid, Spain.

Клучна компонента во овој труд е трансформација на процесите со фокус на оптимизирање на возниот парк на Глобалната организација (ГО), вклучувајќи и процеси

во специфични функционални области преку реинженеринг и стандардизација. Во центарот на вниманието е трансформацијата на процесите во опремата за постројки и недвижнини (ППЕ) преку дефинирање на специфичните процеси за подобрување, со анализа на длабочината на перформансите, тесните грла и основните причини за какви било празнини во перформансите. Резултатите кои се очекувани од имплементацијата ќе отстранат голем дел од проблемите на теренските канцеларии на глобално ниво и ќе помогнат во зголемување на ефективноста и ефикасноста на системите во достигнувањето барањата на корисниците, што е крајната цел на ова истражување.

66. **Mitreva, E.** and Krivokapić, Z. (2017). Case study – Innovation and bussiness excelence. In: *The III International Scientific Congress "Innovations 2017",* 19-22 June 2017, Varna, Bulgaria.

Овој труд се заснова на пристапот на иновациите во корелација со Европската награда за квалитет *и ја* проценува состојбата на иновативноста во однос на моделот на деловна совршеност. Претпријатијата се анализирани преку анкетен прашалник во согласност со критериумите за добивање на меѓународната награда за квалитет и се опфатени голем број овластени организациски системи во Црна Гора. Анализата на податоците, принципите и стратегиите помогнаа да се обезбедат корисни директиви во развивање модел за подобрување на организациските перформанси, во дефинирање на мерки за постигнување одржлив деловен систем, за зголемување на иновациите *и* зајакнување на врските меѓу претпријатијата, научни истражувања и иновации.

67. **Mitreva, E.,** Miteva, N. and Saneva, D. (2017). Service quality in hotel industry. *First Internattional Scientific Conference, ISCTBL,* Faculty of Tourism and Bisiness Logistics - Gevgelija, Macedonija. ISSN 978-608-244-465-9.

Целта на овој труд е преку преглед на литературата и истражувањата да се истакне важноста на квалитетот во хотелските услуги и неговата поврзаност со очекувањата и перцепцијата на потрошувачите. Анализата е направена во однос на утврдување на разликата помеѓу очекувањата и перцепцијата на потрошувачите во хотелската услуга и нивната практична импликација.

68. **Mitreva, E.,** Saneva, D. and Miteva, N. (2017). Total quality management in hotel industry. *First Internattional Scientific Conference, ISCTBL*, Faculty of Tourism and Bisiness Logistics - Gevgelija, Macedonija. ISSN 978-608-244-465-9.

Целта на овој труд е да обезбеди контрола на квалитетот на услугите во хотелската индустрија и негово постојано подобрување. Целосното управување со квалитетот во услужниот сектор, туризмот и хотелската индустрија е од голема важност со економскиот и социјалниот карактер.

69. Filiposki, O., Metodijeski, D., Taskov, N. and **Mitreva, E.** (2017). Gastronomic tourism is much more than gastronomy: the case of the Republic of Macedonia. *Proceedings of the 3rd International Scientific and Professional Conference the Challenges of Today: „Sustainable coastal and maritime tourism.* pp. 296-303. ISSN 1846-6656.

Овој труд се темели на компаративни заклучоци од повеќе истражувања за потребите на туристот, традиционалните јадења во одредени региони и препознатливите производи, предмети, традиции и настани во Република Македонија. Богатството на традицијата*, природа*та*, поволни*те услови и разни гурмански производи и навики се богатство на целиот Балкан. Акцентот на храната подготвена во одделни региони, начинот на готвење, начинот на консумирање е вистинско неоткриено богатство на допир, слух, вид, мирис и вкус. Република Македонија, како континентална земја која нема море, има „море" на можности за развој на гастрономскиот туризам, што е соединение на традицијата*, вкусна*та храна, можност за вработување, одржлив развој и континуирано задоволство на посетителите.

70. Metodijeski, D., Taskov, N., **Mitreva, E.,** Filiposki, O. and Andreeva, J. (2017). Tourism legislation and policy: Review of tourism law in selected Balkan countries. Book of Proceedings Economic and Social Development*, 22nd International Scientific Conference on Economic and Social Development – "The Legal Challenges of Modern World".* pp. 368-375. ISSN 1849-7535.

Предмет на овој труд е законодавството за туризам и политиката на неколку избрани балкански земји, што се гледа низ призмата на законот за туризам во Македонија, Хрватска, Србија и Бугарија. Направена е анализа и преглед на законите за туризам, заснована врз систематската проценка на нивната вистинска содржина. Завршните забелешки на трудот се однесуваат на структурата, разликите и сличностите на законите за туризам и како законодавството ги одредува моделите и насоките за развој на туризмот во земјите од Балканот.

71. **Mitreva, E.,** Risteski, S., Srebrenkoska, V. and Lazarevski, I. (2016). Analysis of the situation in the textile industry in Macedonia through four quality pillars. *In: The 10th International Conference "Quality, Management, Environment, Education, Engineering"* (ICQME 2016), 28-30 Sept 2016, Petrovac, Montenegro.

Во овој труд е разработена и потврдена потребата за проектирање и имплементација на системот за тотално управување со квалитет (TQM) во рамките на македонските текстилни фабрики. Треба да се бара квалитет не само во производствениот процес, туку и во сите делови на деловните процеси, дури и во начинот на однесување на вработените. Направена е анализа за состојбата во текстилната индустрија во Македонија и нејзиниот напредок преку: интерната стандардизација, статистичката процесна контрола, едукација и мотивација на вработените, како и анализа на трошоците за квалитет. Резултатите од анализата покажаа низок напредок на македонските текстилни компании според четирите столба, затоа овој труд промовира методологија за зголемување на конкурентноста кај текстилните компании и нивно преструктуирање со цел да ги достигнат новите светски трендови.

72. **Mitreva, E.,** Lazarevski, I., Filiposki, O. and Taskov, N. (2016). Situation analysis of textile industry in Macedonia by criteria for obtaining the European Award for Quality. *In: Proceedings of the 10th International Conference "Quality, Management, Environment, Education, Engineering" (ICQME 2016),* 28-30 Sept 2016, Petrovac, Montenegro.

Оваа студија ја прикажа анализата на состојбата на македонските текстилни компании според критериумите за добивање Европската награда за квалитет: лидерство, политика и стратегија, менаџмент со вработените*, ресурси*те*, процеси*те*, задоволство*то на клиентите, задоволството на вработените, влијанието врз компанијата, како и деловните резултати. Овие критериуми се користат за да се оцени каква ќе биде нивната позиција кога ќе се натпреваруваат за европската награда за квалитет. Резултатите покажаа слаб развој во однос на критериумите *и* од таа причина оваа студија предлага упатства и препораки за зголемување на конкурентноста на текстилните компании и нивно преструктуирање.

73. **Mitreva, E.,** Zdrvkovska, L., Taskov, N., Metodijeski, D. and Gjorshevski, H. (2016). Quality management and practises in automotive parts production. *In: XXIV International Scientific-Technical Conference Trans'16 Motauto, 29* June-02 July 2016, Varna, Bulgaria.

Во овој труд е направена анализа на компанијата од автомобилската индустрија во Македонија со цел да се идентификува дали истата има ефективен систем за обезбедување квалитет преку следење на начинот на управување со деловните процеси и дали е развиена документацијата за системска ефикасност. Во трудот се применети различни стандарди / системи за: квалитет, животна средина, здравје и безбедност на вработените, општествена одговорност на компаниите, производи за безбедност на храната и сл. Во трудот со применија: Парето дијаграмот за откривање места каде се појавуваат повеќе дефекти, Ишикава пристапот со кој се открија причините за грешките, Чек листите за проверка, како и методологиите*:* 8Д (осум дисциплини); PFMEA анализата со кои беа оптимизирани деловните процеси за набавка на суровини и репроматеријали. Добиените резултати покажаа дека спроведувањето на овие методологии за оптимизирање на деловните процеси доведоа до дефиниран квалитет и подобра продуктивност при најниски трошоци во работењето.

Трудовите објавени во зборници на трудови на научни собири во земјата и странство, а се постари од 5 години, се презентирани и научно евалуирани во рефератот за избор на кандидатката во наставник во звањето доцент (Универзитетски билтен бр. 61 од 1.6.2011 година) и рефератот за наставник во звањето вонреден професор (Универзитетски билтен бр. 164 од 1.3.2016 година).

**За време на изборниот период, кандидатката д-р Митрева учествува во 1 стручно-апликативен проект во земјата, како и во изработката на стратегија за развој на туризмот во Општина Гази Баба и тоа:**

**74.** Учесник во проектот „Историско – географски пресек на туризмот и угостителството во Република Македонија“ (проект на ФТБЛ финансиран од Фондот за научно-истражувачка работа на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Одлука бр.0405-32/9 на 16.6.2015 год. и Одлука бр. 0801-139/27 од 27.1.2015 од Управниот одбор на ФНИР при УГД). (2015-2018).

**75.** Учесник во изработката на Стратегија за развој на туризмот во Општина Гази Баба (2016) под наслов „Стратегија за развој на туризмот во Општина Гази Баба“ во период од 2017-2021. Општина Гази Баба, Скопје.

Во изборниот период д-р Митрева е ангажирана како надворешен евалуатор на Фондот за иновации и технолошки развој со цел да даде стручно мислење за предлог проекти од областа на управување со системи и маркетинг - менаџмент, како и мислење од областа на тотален менаџмент на квалитет. Од 2018 година до денес, Митрева има направено повеќе од 50 експертизи.

Во изборниот период, кандидатката д-р Митрева е рецензент на скрипта и практикум под наслов „Информациони системи во туризмот и угостителството“ од авторите Методијески, Д., Ангелкова Петкова, Т., Цуцулески, Н., (2016), како и скриптата и практикумот под наслов „Истражување на туристичкиот пазар“ од авторите Методијески, Д., Ангелкова Петкова, Т., Цуцулески, Н., (2016). Овие ракописи се во издание на УГД – Штип и се користат во наставата на прв циклус студии на ФТБЛ.

**Во изборниот период, кандидатката д-р Митрева е член на повеќе факултетски органи и комисии, и тоа:**

**76.** Член на Наставно-научниот совет при ФТБЛ, УГД – Штип (2016-2021).

**77.** Член на Наставно-научниот совет на трет циклус на студии при УГД – Штип (2016-2021).

**78.** Член на комисија за спроведување постапка за избор на декан на ФТБЛ при УГД – Штип (Одлука бр.2102-357/8 на 20.11.2019 год.).

**79.** Член на комисија за оценка на докторат на м-р Душица Санева (Одлука бр. 02-2075/1 од 30.12.2019 год. од Технолошко-металуршки факултет, УКИМ – Скопје).

**80.** Член на комисија за избор на еден истражувач во сите научни звања од научните области: 50622 – Управување со човечки ресурси, 50623- Претприемништво и 50624-Друго (Одлука бр. 02-247/3 од 18.3.2020 год., Факултет за биотехнички науки, Битола, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола).

**81.** Претседател на комисија за оценка на докторат на м-р Хајрија Шкријељ од ФТБЛ при УГД – Штип (Одлука бр. 0206-1072/2 од 25.12.2018 год.).

**82.** Претседател на Одборот за соработка и доверба со јавноста на ФТБЛ при УГД – Штип до 1.12.2016 год. (Одлука бр. 2106-38/19 на 17.1.2014 год.).

**83.** Член на издавачки совет за издавање на Годишен зборник на ФТБЛ (Одлука бр. 2102-574/11 на 1.12.2016 год.).

**84.** Член на Научен одбор за организирање на Научно - стручна конференција на ФТБЛ при УГД – Штип. (Одлука бр. 2102- 59/57 на 03.02.2016 год.).

**85.** Член на комисија за уписи за 2018-2019 год. на прв циклус студии (Одлука бр.2102-246/8 на 30.5.2018 год.).

**86.** Член на комисија за оценка на магистерски труд на Александра Баток од ФТБЛ при УГД – Штип (Одлука бр.2102-539/12 на 15.11.2017 год.).

**87.** Член на комисија за оценка на магистерски труд на Билјана Николова од ФТБЛ при УГД – Штип (Одлука бр. 2102-539/18 од 24.1.2018 год.).

**88.** Член на комисија за оценка на магистерски труд на Илија Милосовски од ФТБЛ при УГД – Штип (Одлука бр.2102-601/5 на 14.12.2016 год.).

**89.** Член на комисија за оценка на магистерски труд на Јулијана Саздова од ФТБЛ при УГД – Штип (Одлука бр.2102-342/99 на 24.8.2016 год.).

**90.** Член на Комисија за оценка на магистерски труд на Моника Трпевска од ФТБЛ при УГД – Штип (Одлука бр.2102-254/5 на 10.5.2017 год.).
**91.** Претседател на Комисија за оценка на магистерски труд на Наташа Апостолова од ФТБЛ при УГД – Штип (Одлука бр.2102-402/9 на 14.9.2016 год.).
**92.** Претседател на Комисија за оценка на магистерски труд на Ристе Георгиев од ФТБЛ при УГД – Штип. (Одлука бр.2102-173/7 на 18.4.2016 год.).
**93.** Претседател на Комисија за оценка на магистерски труд на Анетка Атанасовска од ФТБЛ при УГД – Штип (Одлука бр.2102-136/3 на 9.4.2019 год.).
**94.** Член на Комисија за оценка на магистерски труд на Митко Коцев од ФТБЛ при УГД – Штип (Одлука бр.2102-505/8 на 26.12.2018 год.).
**95.** Член на Комисија за оценка на магистерски труд на Ивана Ананијева од ФТБЛ при УГД – Штип (Одлука бр.2102-226/7 на 21.8.2019 год.).
**96.** Член на Комисија за оценка на магистерски труд на Симона Ѓуревска од ФТБЛ при УГД – Штип (Одлука бр. бр.2102-159/27 на 21.03.2018 год.).
**97.** Член на Комисија за оценка на магистерски труд на Александра Ташевска од ФТБЛ при УГД – Штип (Одлука бр. 2102-473/3 на 30.11.2018 год.).
**98.** Член на Рецензентска комисија за избор на насловен доцент за наставно-научната област економска теорија и менаџмент во здравството на ФТБЛ при УГД – Штип (Одлука бр.2102-506/3 на 1.11.2017 год.).
**99.** Член на Рецензентска комисија за избор насловен доцент за наставно-научната област теорија и организација на деловните системи и економика на индустријата на ФТБЛ при УГД – Штип (Одлука бр.2102-506/4 на 1.11.2017 год.).
**100.** Член на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област маркетинг и бизнис менаџмент на ФТБЛ при УГД – Штип (Одлука бр.2102-196/3 на 18.4.2018 год.).
**101.** Член на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област управување со квалитет (менаџмент со квалитет) и организација на технолошки процеси на ФТБЛ при УГД – Штип. (Одлука бр.2102-173/4 на 26.9.2020 год.).

**Во изборниот период, кандидатката д-р Митрева е член на повеќе уредувачки одбори во списанијата/ конференции:**

**102.** SAR Journal - Science and Research Published by: UIKTEN - Association for Information Communication Technology Education and Science, Serbia. SSN (printed version): 2619-9955; eISSN (electronic version): 2619-9963. (Editorial Board).
**103.** Journal of Life Economics (E-ISSN: 2148-4139 & DOI Prefix: 10.15607). (Editorial Board).
**104.** The Journal of Middle East and North Africa Sciences (J. Middle East North Afr. sci) ISSN 2412-8937 (Online); ISSN 2412-9763 (Print). (Editorial Board).
**105.** International Thematic Monograph – Thematic Proceedings Modern Management Tools and Economy of Tourism Sector in Present Era, Belgrade, 2016. (Editorial Board).
**106.** The 22nd National and 8th International Scientific Conference QUALITY SYSTEM CONDITIONS FOR SUCCESSFUL BUSINESS AND COMPETITIVENESS which will take place 25.11.-27.11.2020, Kopaonik. ” (International Scientific Committee).
**107.** The 1st Workshop on Advanced Systems for e-Governance and e- Democratization (ASEG’16), Gdansk, Poland, 11 - 14 September, 2016 (International Scientific Committee).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Рецензентската комисија ја разгледа комплетната документација што беше доставена и констатира дека единствен пријавен кандидат е д-р Елизабета Митрева, вонреден професор.

По прегледот на приложената документација, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката д-р Елизабета Митрева во целост ги исполнува условите предвидени со законските прописи за избор во звање редовен професор. Кандидатката д-р Митрева има континуирано научно напредување и извонредни научноистражувачки резултати во доменот на маркетинг менаџмент. Таа активно публикува научни трудови со оригинални резултати во референтни меѓународни списанија. Воедно, кандидатката успешно одржува настава на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип на прв, втор и трет циклус студии и е учесник во научноистражувачки проекти од областите на интерес. Оттука, Рецензентската комисија е едногласна во оценката дека со целокупната своја досегашна работа д-р Елизабета Митрева има значителен придонес во наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност и ги има освоено потребните бодови, согласно со критериумите за бодување.

Согласно со претходно изнесеното, а во согласност со Законот за високото образование, Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, Рецензентската комисијата со особено задоволство му предлага на **Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатката д-р Елизабета Митрева да ја избере во звањето редовен професор за наставно-научната област маркетинг менаџмент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Слаѓана Стојановска,**
научен советник на Институт за бизнис економија, Скопје,
претседател, с.р.
**Проф. д-р Алекса Стаменковски,**
редовен професор во пензија,
Факултет за економски науки, Европски универзитет – Скопје,
член, с.р.
**Проф. д-р Еленица Софијанова,**
Економски факултет - Штип, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,
член, с.р.

**Табела за вреднување на активностите на д-р Елизабета Митрева (2016-2021)**

| **Р.бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **5.** | **Избрана во звање вонреден професор** | 40 | | | | |
| | **ВКУПНО** | **40** | | | | |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| **1.** | **Монографија или научна книга**<br>во земјата (Реф. 5, 7-8, 13-14) | 5 | 10 | | | 50 |
| **3.** | **Научен труд објавен во списание со ИФ**<br>(SCI) (Реф. 16)<br>Scopus (Реф. 15, 17-38) | 1x**15**<br>23x**10** | | | | 15<br>230 |
| **4.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (Реф. 39-49) | 11x**9** | | | | 99 |
| **8.** | Одржано предавање по покана од научна институција<br>во земјата (Реф. 50-52) | 3 | 2 | | | 6 |
| **13.** | Раководител на научен проект (максимум во три проекти)<br>во земјата (Реф. 53)<br>во странство (Реф. 54) | 1 | 4 | 1 | 6 | 10 |
| **16.** | Член на уредувачки одбор на научно списание (Реф. 102-105) | | | 4 | 1 | 4 |
| **20.** | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал (Реф.106-107) | | | 2 | 2 | 4 |
| **26** | Самостојно ликовно претставување (ликовна изложба) (Реф. 55-56) | 2 | 6 | | | 12 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **430** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| **1.** | Книга/учебник во земјата (Реф. 1-4, 6, 10-12) | 8 | 10 | | | 80 |
| **2.** | Поглавје од книга<br>во земјата (Реф. 9) | 1 | 4 | | | 4 |
| **6.** | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир<br>во земјата (Реф. 57, 63, 67-68)<br>во странство (Реф. 58-62, 64-66, 69-73) | 4 | 2 | 13 | 3 | 8<br>39 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **13.** | Учесник во научен проект (максимум во три проекти)<br><br>во земјата (Реф. 74) | 1 | 5 | | | 5 |
| **17** | Елаборати и експертизи (Реф. 75) | 1 | 2 | | | 2 |
| **28.** | Член на факултетски орган, комисија (Реф. 76-101) | 10 | 2 | | | 20 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **158** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **628** |

## РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕНАЏМЕНТ ВО ЦАРИНА, ШПЕДИЦИЈА И ЛОГИСТИКА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2102-54/6 од 12.2.2021 година донесена на 239. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика, одржана на 12.2.2021 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област менаџмент во царина и шпедиција и логистика на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха” на 4.2.2021 година и во предвидениот рок како единствен кандидат се пријави д-р Драшко Атанасоски, вонреден професор на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Драшко Атанасоски** е роден на на 12 март 1971 година. Дипломира во март 2002 год. на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид, Универзитет „Св. Климент Охридски” – Битола. Магистрира во септември 2009 год. на тема „Хармонизација на царинскиот систем на Република Македонија со европските стандарди” и се стекнува со академски степен магистер на економски науки по европски студии од областа на надворешен промет.

Во 2011 година докторира на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид, Универзитет „Св. Климент Охридски” – Битола и се стекнува со академски степен доктор на науки од областа на царината и шпедицијата.

Тој е вработен како доцент во наставно-научната област менаџмент во царина и шпедиција (Одлука бр. 2602-183/3 од 10.8.2011 година).

Од 2016 година до сега, д-р Атанасоски е вонреден професор од областа на менаџмент во царина и шпедиција и логистика на ФТБЛ при УГД во Штип (Одлука бр. 2102-173/3 од 18.4.2016 година).

Како вонреден професор, покрај на редовните студии, бил вклучен и во постдипломските студии на насоката Бизнис логистика, исто така бил вклучен и во трет циклус студии на насоката Туризам, а бил ангажиран и во изработката на елаборатот за прв, втор и трет циклус студии за насоката Бизнис логистика.

Се стекнува со Уверение за положен стручен испит МАШИНОВОЗАЧ, издадено од Македонски железници транспорт АД Скопје (2018).

Се стекнува со Уверение за положен стручен испит ВОЗОВОДИТЕЛ, издадено од Македонски железници транспорт АД Скопје (2018).

Се стекнува со сертификат за кој машиновозачот е овластен да вози по назначената железничка инфраструктура и со назначеното железничко возило во период од 17.1.2018 до 17.1.2028 година (2018).

Од приложената документација се гледа дека кандидатот д-р Драшко Атанасоски има 24 години вкупно работно искуство од кои 2,5 години почетно работно искуство, 12 години работно искуство во Царинската управа на Република Македонија на повеќе различни раководни позиции.

Како началник на Одделение за наплата и буџет и гаранции и анализа при Царинската управа на Р. Македонија - 2007 год.- 2009 година, шеф на граничен премин 2002 год. - 2007 год. и виш царински службеник - јануари 2002 година, царински службеник - мај 1999 година.

Од 2011 год. до денес е ангажиран како доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев", каде што има 9,5 години работно искуство како професор на повеќе предмети во научната област менаџмент во царина и шпедиција.

Од приложената документација се гледа дека кандидатот д-р Драшко Атанасоски одлично го владее англискиот јазик и има солидни познавања од германскиот јазик.

**Општи услови за избор во звање редовен професор**

– Со Одлука бр. 2602-184/3 од 10.8.2011 година излезен во Универзитетски билтен бр. 62 од 15.6.2011 година врз основ на оглас од 4.4.2011 година, д-р Драшко Атанасоски е избран за доцент од научната областа менаџмент во царина и шпедиција на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.
– Научен степен: доктор на науки од областа на царината и шпедицијата. Докторската дисертација на тема „Влијанието на регулативата на малограничниот промет врз туризмот на Република Македонија" е одбранета на 25.4.2011 година на Факултетот за царина и шпедиција - Охрид при Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола.
– Претходен избор во звање: со Одлука бр. 2102-173/3 од 18.4.2016 година излезена во Универзитетски билтен бр. 166 од 1.4.2016 година врз основа на оглас од 9.2.2016 година, д-р Драшко Атанасоски е избран за вонреден професор од научната областа менаџмент во царина и шпедиција на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.
– Објавени најмалку шест научноистражувачки трудови во соодветната област во референтни меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации или два научни труда во научно списание со импакт фактор во последните пет години.

**Трудови објавени во научно списание опфатено СЦИ/ЦА**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Atanasoski, Drasko and Esmerova, Emanuela(2019) | *Graphic displays of managerial business logistics.* | *Electronic and Printed Journal of English Literature, Linguistics and Interdisciplinary Studies. e-ISSN: 1857-8187*<br><br>*p-ISSN: 1857-8179* | Vol. 8 |
| **2.** | Esmerova, Emanuela and Atanasoski, Drashko (2020) | *Logistical supply chain management.* | *Anglisticum Journal (IJLLIS), 9 (5). pp. 10-18. ISSN: 1857-8187 (Online)*<br><br>*ISSN: 1857-8179 (Print)* | Vol. 9 |

**Трудови објавени во научно списание опфатено СЦИ/ЦА**

| **Бр.** | **Автор** | **Наслов на трудот** | **Списание/ публикација** | **Години на излегување на списанието** |
|---|---|---|---|---|
| **3.** | Bardarova, Snezana and Serafimova, Mimoza **and Atanasoski, Drasko** (2019) | *The role of measures for support of SMEs on employment in the Republic of Macedonia.* | *Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 30 (1). pp. 73-80. ISSN 2545-4439* | Vol. 30 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **4.** | Esmerova, Emanuela **and Atanasoski, Drasko** (2019) | *Professional logistics and supply chain management.* | *IDEA International Journal of Science and Arts. ISSN 2545-4552 (Print) ISSN 2545-4560 (Online)* | Vol. 3 |
| **5.** | Esmerova, Emanuela and **Atanasoski, Drashko** (2019) | *Managers' visions authenticity and plagiarism in academic papers.* | *Proceedings of the International scientific and practical conference "Bulgaria of regions", Plovdiv.* | Произлезен од меѓународна конференција |
| **6.** | Chacorovski, Zoran and **Atanasoski, Drasko** and Apostolov, Mico and Stojanovska-Stefanova, Aneta (2017) | *South Sudan Vehicle Workshop Hazardous Waste Management* | *Journal of Traffic and Transportation Engineering, 5 (4). pp. 157-169. ISSN 2328-2142* | Vol. 5 |
| **7.** | Stojanovska-Stefanova, Aneta and **Atanasoski, Drasko** and Chacorovski, Zoran (2017) | *Democracy and media—Types of theories for means of mass communication.* | *US China Law Review, 14 (6). pp. 363-376. ISSN 1548-6605 (Print) 1930-2061 (online)* | Vol. 14 |
| **8.** | Stojanovska-Stefanova, Aneta and **Atanasoski, Drasko** and Chacorovski, Zoran (2017) | *Human Rights as a subject of world politics.* | *US China Law Review, 14 (6). pp. 321-334. ISSN 1548-6605 (Print) 1930-2061 (online)* | Vol. 14 |
| **9.** | Stefanova, Aneta **Atanasoski, Drasko**, Chachorovski, Zoran (2017) | *International Recognition of the countries and the foreign policy (theories and precedents).* | *US China Law Review, 14 (5). pp. 271-283. ISSN 1548-6605 (Print) 1930-2061 (online)* | Vol. 14 |
| **10.** | Stojanovska-Stefanova, Aneta and **Atanasoski, Drasko** and Chacorovski, Zoran (2017) | *Influence of the politics on freedom of the media.* | US China Law Review, 14 (5). pp. 311-319. ISSN 1548-6605 (Print) 1930-2061 (online) | Vol. 14 |
| **11.** | Emanuela Esmerova, **Drashko Atanasoski**, (2020) | Organizational culture in Balkan countries | *New Knowledge Journal of Science , 9 (3). pp. 17-24.*<br><br>*ISSN 2367-4598 (Online) ISSN 1314-5703 (Print)* | Vol. 9 |
| **12.** | Esmerova, Emanuela and **Atanasoski, Drasko** (2020) | *Interpretation and analysis of the results on the crowdsourcing in the management innovation process.* | *New Knowledge Journal of Science , 9 (3). pp. 13-22.*<br><br>*ISSN 2367-4598 (Online) ISSN 1314-5703 (Print)* | Vol. 9 |

**Трудови објавени во научно списание опфатено со Останати**

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание/ публикација | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 13 | **Atanasoski,Drashko** Esmerova, Emanuela (2020) | Човечкиот капитал – фактор за градење конкуретстска компаниска предност | The 3rd International Scientific Conference- Challenges of Tourism and Business Logistics, Stip, Macedonia. | Произлезен од меѓународна конференција |
| 14 | Esmerova, Emanuela and Atanasoski, Drashko(2020) | Менаџментот на знаење во модерната економија | The 3rd International Scientific Conference- Challenges of Tourism and Business Logistics Stip, Macedonia. | Произлезен од меѓународна конференција |
| 15. | Serafimova, Mimoza and Bardarova, Snezana and **Atanasoski, Drasko** (2019) | Comparative analysis of employment and self-employment in North Macedonia and the Western Balkans | *The 2nd International Scientific Conference- Challenges of Tourism and Business Logistics in the 21st Century, 13 Sept 2019, Stip, Macedonia.* | Произлезен од меѓународна конференција |
| 16. | Stojanovska-Stefanova, Aneta and **Atanasoski, Drasko** (2018) | *UN goal: Sustainable Tourism as a key contributor for sustainable development in developing countries* | *First Internattional Scientific Conference, ISCTBL, Faculty of Tourism and Bisiness Logistics - Gevgelija, Macedonia, 3 (2). pp. 152-161. ISSN 978-608-244-465-9* | Произлезен од меѓународна конференција |
| 17 | **Atanasoski Drasko** and Stankovska, Monika (2017) | *Комбинирн транспорт-LKW WALTER.* | *Зборник на трудови од Научно-стручна конференција,,Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката“, Штип,Македонија.ISBN 978-608-244-444-4* | Произлезен од меѓународна конференција |

– Потврда за познавање на англиски јазик кандидатот д-р Драшко Атанасоски има диплома за положен IELTS тест при C/o IELTS Administrator Examinations Services British Council Macedonia.
– Објавен рецензиран универзитетски учебник/монографија/практикум/збирка задачи од научната област за која се избира:

**Учебник:**

1. Атанасоски Д (2020). Логистички системи, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип (ISBN 978-608-244-425-3), (рецензиран учебник по предметот Основи на логистика).

**Скрипта:**

2. **Atanasoski Drasko** Stojanovska-Stefanova, Aneta (2016)

Право на договорите во меѓународен промет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, ISBN 978-608-244-367-6.

**Практикум:**

3. **Atanasoski Drasko,** Stojanovska-Stefanova, Aneta (2016)

Право на договорите во меѓународен промет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, ISBN978-608-244-366-9.

Способност за изведување на високообразовна дејност: Д-р Драшко Атанасоски е вработен на ФТБЛ при УГД од 2011 година, почнувајќи од доцент до вонреден професор. Бил член на универзитетски и факултетски комисии.

**Посебни услови за избор во звање ред*о*вен професор**

– Во текот на изборниот период д-р Драшко Атанасоски бил ментор на многу дипломски трудови, на повеќе магистерски трудови и професор на кандидати на избран предмет во трет циклус на студии.
– Во текот на изборниот период д-р Драшко Атанасоски учествувал во повеќе стручн и научни проекти финансирани од фондот за научноистражувачка работа на УГД, проекти финансирани од директоратот за развој при Европската Унија, во програмите EYE SEE Американската амбасада, Град Скопје, Wien Work Австрија, АСБ Австрија, АСБ Германија и Град Виена.
– Д-р Драшко Атанасоски придонесе во оспособување на помлади наставници и соработници. Д-р Драшко Атанасоски до сега соработувал со повеќе помлади наставници и соработници од ФТБЛ и бил вклучен како рецензент или издавачка дејност.
– Д-р Драшко Атанасоски во изборниот период има остварено повеќе од законски потребен минимум од вкупно 100 поени ( НО=40, НИ=45, ЦАОП=15) за избор во звање на редовен професор.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатот д-р Драшко Атанасоски е вработен како доцент (Одлука бр. 0402-17/62 од 26.8.2011 год.), а потоа и реизбран со Одлука бр. 2102-173/3 од 18.4.2016 година излезена во Униеритетски билтен бр. 166 од 1.04.2016 година по група предмети од научната област менаџмент во царина и шпедиција и логистика на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

За време на изборниот период е ангажиран на повеќе предмети на прв и втор циклус студии.

Ангажираност на ФТБЛ при УГД:

**НАСТАВА**

**ФТБЛ - Прв циклус студии:**

1. Основи на логистика
2. Меѓународен транспорт и шпедиција
3. Царински систем и политика
4. Царинска тарифа
5. Царинско работење
6. Царинска управна постапка

1. Организирање на пракса во компании

**ФТБЛ - Втор циклус студии:**

1. Царински постапки
2. Меѓународна бизнис логистика.

**ФТБЛ - Трет циклус студии:**

1. Царинско работење

Од изборот во вонреден професор на Универзитетот „Гоце Делчев“, д-р Драшко Атанасоски за потребите на наставата на Факултетот за туризам и бизнис логистика има издадено:

**Учебник:**

1. **Atanasoski, Drasko (2020)** ***Логистички системи.*** **Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Штип. ISBN 978-608-244-723-0**

Апстракт: Логистиката се занимава со планирање и контрола на проток на материјали и информации поврзани со истото во организациите, како во јавниот така и во приватниот сектор. Ако зборуваме воопштено, нејзината мисија е да ги достави вистинските материјали на вистинско место во вистинско време, во рамки на бараните параметри (на пр., намалување на вкупните оперативни трошоци), придржувајќи се кон зададените ограничувања (на пр., ограничен буџет).

**Скрипта:**

2. **Atanasoski Drasko** Stojanovska-Stefanova, Aneta (2016)

Право на договорите во меѓународен промет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, ISBN 978-608-244-367-6.

Апстракт: Меѓународното стопанско право (како и на правото на договорите во меѓународен промет) се од меѓународен карактер, додека на меѓународните приватни права се скоро исклучително национални. Натаму, германската правна теорија ја поставува дилемата дали во предметот на правото на договорите кои регулираат стопанско-политички односи пример: договор за помош на стопански неразвиени земји. Притоа, претежната теорија застанува на мислење дека доколку еден договор непосредно влијае врз можност за стопанисување треба да се смета како извор, предмет на дисциплината правото на договорите во меѓународниот промет (спогодби за царини, разни билатерални и други меѓународни договори итн.).

**Практикум:**

3. **Atanasoski Drasko** Stojanovska-Stefanova, Aneta (2016)

Право на договорите во меѓународен промет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, ISBN978-608-244-366-9.

Апстракт: Со меѓународното трговско работење се менува начинот на размислување на целокупниот персонал на компаниите, на раководниот кадар, маркетинг-службата, финансискиот и правниот сектор, како и техничко-инженерскиот кадар. Почетокот на преструктурирање кон извоз може да е проследен и со финансиски ризици, тешкотии и можеби со почетна загуба поради приспособи кон новата конкуренција и зголемените почетни трошоци.

Кандидатот вон. проф. д-р Драшко Атанасоски покажува придонес во оспособувањето на млади истражувачки кадри како предавач и ментор на прв циклус студии и предавач ментор на втор циклус студии.

Неговиот научен интерес е од областа на менаџмент во царина и шпедиција и логистика.

Вон. проф. д-р Драшко Атанасоски има позитивна оценка од евалуација од страна на студентите.

***Научноистражувачка дејност***

Научноистражувачката дејност на кандидатот вон. проф. д-р Драшко Атанасоски може да се оцени преку бројните и квалитетни научноистражувачки трудови издадени во научни и стручни публикации во странство во изборниот период од 2016 до 2021 год.

Во време на изборниот период, кандидатот вон. проф. д-р Драшко Атанасоски има публикувано монографии и научни книги во земјава и во странство, со научноистражувачка и стручно-апликативна примена, согласно со критериумите дефинирани во Законот за високо образование.

Наведените трудови се составен дел на е-репозиториумот при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

**Монографија или научни книги објавени во странство:**

4. State measures for the development of the modern Macedonian tourism. ***Lambert** Academic Publishing, LAP Publishing. ISBN-13.978-620-0-21485-0*Stojanovska-Stefanova, Aneta and Magdinceva Sopova, Marija and **Atanasoski, Drasko (2019)**

***Апстракт:*** Државата е врховна организација на човештвото денес, а туризмот е еден од најбрзо растечките економски сектори во нашата земја кој има огромен потенцијал за привлекување странски и домашни инвестиции, што значи и можност за нови работни места. Оттаму, државата работи на подобрување на туристичката понуда преку промовирање на културен, езерски и речен, планински, бањски спорт, лов, вино, зимски, археолошки, верски, рурален и рурален еко-туризам и конгресен туризам. Исто така, се преземаат низа активности за развој на националните паркови и нивно ставање во функција на развој на туризмот и промоција на природните убавини. Во оваа книга ќе дадеме научен и теоретски преглед на придонесот и влијанието на државата за развој на македонскиот туризам, со упатување на новите форми за зајакнување на туризмот.

5. Rail transport. LambertAcademic Publishing, LAP Publishing. ISBN:13 978-613-9-44586-8 Miceva, Magdalena and **Atanasoski, Drasko (2019)**

***Апстракт:*** Железничкиот транспорт на стоки игра важна улога во секоја национална економија на секоја земја, не само поради внатрешниот транспорт на стока во таа земја, туку пред сè поради високата важност на железничкиот транспорт во меѓународниот превоз на стока. Пред 30 години, железничкиот транспорт имаше доминантна монополска улога во однос на другите видови на копнен транспорт. Но, денес поголема конкуренција во железничкиот сообраќај е патниот транспорт на стоки. Железничкиот транспорт има повеќе предности од другите видови на транспорт, како што се релативно поевтин превоз на стока, можност за транспорт на обемна стока, брзина и сл. Во исто време, електрификацијата на железничкиот транспорт ја зголемува зачувувањето на животната средина. Оваа книга ги опфаќа следниве три поглавја: Дел 1: Карактеристики на железничкиот транспорт, Дел 2: Железнички транспорт во Европската унија и Дел 3: Меѓународни организации и конвенции од областа на железничкиот транспорт.

**Трудови објавени во научно списание опфатено со СЦИ/ЦА:**

6. **Atanasoski, Drasko** and Esmerova, Emanuela (2019)Graphic displays of managerial business logistics. *Anglisticum Journal (IJLLIS),Electronic and Printed Journal of English Literature, Linguistics and Interdisciplinary Studies. e-ISSN: 1857-8187p-ISSN: 1857-8179*

*Апстракт:* Според Советот на професионалци за управување со снабдувачки синџири (CSCMP), логистичкиот менаџмент може да се дефинира како „дел од управувањето со синџирот на снабдување што планира, спроведува и контролира ефикасен, ефективен проток и обратен проток и складирање на стоки, услуги и сродни информации помеѓу точката на потекло и точката на потрошувачка со цел да се исполнат барањата на клиентите. Историјата на логистиката е вкоренета во нејзината воена примена. Од Втората светска војна таа се разви во важна функција на бизнисот, бидејќи стана очигледно дека логистиката и транспортот додаваат место и време на производите и ја зголемуваат формата и додадената вредност на поседот со производство и маркетинг. Една дефиниција за бизнис логистиката зборува за „имање вистинска ставка во вистинска количина во вистинско време на вистинско место за вистинска цена во вистинска состојба на вистински клиент“. Бизнис логистиката ги вклучува сите индустриски сектори и има за цел да управува со остварувањето на животниот циклус

– Учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати – д-р Зоран Златев е учесник–истражувач во научноистражувачкиот проект „Распределба на сеизмичка енергија при интеракција објект-темел-почва“, финансиран од УГД, како и на проектот ‘’Model based design of power electronic devices with guaranteed parameters’’, финансиран од Бугарски национален научен фонд;
– Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници – досега д-р Зоран Златев има соработувано со неколку помлади соработници на Факултетот за информатика во научноистражувачката работа како и одржувањето на вежбите по предметите: дигитална логика, дизајн и анализа на софтвер и вовед во информатика;
– Рецензиран скрипта и практикум или авторско ЦД – кандидатот има објавено позитивно рецензирани практикуми по предметот Дигитално процесирање на сигнали.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатот Зоран Златев уште како волонтер учествува во наставно-образовната дејност на Факултетот со помагање и асистирање во наставата на повеќе предмети од прв циклус на Факултетот за информатика. Кандидатот Зоран Златев се истакнува со неговиот коректен однос како кон студентите така и кон колегите со кои соработува. Секогаш и навремено ги исполнува зададените задолженија од наставниот процес.

Зоран има учествувано во изведувањето на наставата со реализација на вежбите по повеќе предмети на прв циклус студии на Факултетот за информатика и тоа:

– Дигитална логика,
– Основи на телекомуникации,
– Оперативни системи,
– Дизајн и анализа на софтвер,
– Дигитално процесирање на сигнали,
– Интернет програмирање,
– Интернет технологии,
– Информатика.

Кандидатот д-р Зоран Златев има забележителни научноистражувачки активности и е автор и коавтор на трудови објавени во списанија или презентирани на различни конференции (http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Zlatev=3AZoran=3A=3A.html).

**Листа на научни трудови објавени во референтни научни публикации (научни списанија и зборници на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири), научни проекти и други научно-истражувачки референци:**

1. **Zlatev, Zoran** and Hinov, Nikolay (2019) Web application for analyzing power electronic converter data. AIP Conference Proceedings, 2019, 2172, 110013. (http://eprints.ugd.edu.mk/27161/)

Целта е да се обезбеди брз и лесен начин за инженерите да ги разберат осцилацијата на податоците, да ги анализираат собраните информации од секој елемент на еден конвертор, да ги филтрираат податоците за осцилација според времето за да ја видат промената на напонот и да ги споредат резултатите. За изработка на оваа веб-апликација користевме неколку технологии за зачувување, собирање и претставување на податоци. Сите податоци се зачувуваат во релациона база на податоци од кои ги земаме сите информации и ги претставуваме во нашата апликација. Во трудот се опишува секоја технологија.

2. **Zlatev, Zoran** and Hinov, Nikolay (2019) Web based application for analyzing, storing and filtering mass data, AIP Conference Proceedings, 2018, 2048, 060024

Секој физички феномен на природата е шанса за научниците да соберат податоци. Многу често, најсигурни резултати се добиваат од анализа на големи податоци, собрани од инструменти во реално време. Таа количина на податоци е голема база на податоци, која подоцна се анализира со MATLAB / Simulink или LabVIEW. Анализата на базата на податоци во вакво софтверско опкружување честопати може да ни ги даде одблизу просечните вредности во природата и според тие вредности да очекуваме слични вредности во иднина, да направиме предвидувања за идните инвестиции во областа на обновливи извори на енергија, како една од најважните област во сегашноста и иднината.

3. **Zlatev, Zoran** and Hinov, Nikolay (2019) Spectral Analysis of Output Voltage for Buck and Boost DC-DC Converter. 10th National Conference with International Participation, ELECTRONICA 2019 - Proceedings, 2019, 8825596 (http://eprints.ugd.edu.mk/27160/)

Кога ја подобруваме стабилноста на електронските уреди што ги користиме секој де, честопати треба да направиме анализа за да го видиме однесувањето на електронскиот уред под одредени работни услови. Иако честопати излезниот напон е на прв поглед во опсег што се чини дека е редовен, кога го тестираме уредот, од голема важност е да се направи специфична анализа, како што е „Спектрална анализа“ за поблиски разгледување на највисоките врвови во специфични временски интервали. Постојат неколку софтверски платформи кои обезбедуваат таков вид анализа. Во нашиот случај, ќе се користи „LabView“.

4. **Zlatev, Zoran** and Hinov, Nikolay (2018) Signal Processing and Analysing Big Mass Data Using LabView. Tem Journal. ISSN 2217-8309 (Print) (http://eprints.ugd.edu.mk/27159/)

Со нашата технологија ги мериме сите физички промени или појави во светот. Користејќи голема колекција на алгоритми, ние ги обработуваме, анализираме, пресметуваме и собираме резултатите од секоја измерена физичка промена. На тој начин се создава голема база на податоци за сурови податоци. Идејата е да се направи програма што ќе ги разбере нашите влезни податоци и ќе ги направи сите потребни пресметки. За таа операција, го употребуваме „LabView". LabView создава виртуелни инструменти, така што можеме да ги користиме истите за различен тип на влезни податоци со мала промена во параметрите и филтрите според типот на податоците.

5. Vacheva, Gergana and Hinov, Nikolay and **Zlatev, Zoran** (2018) Modelling of DC/DC Boost Converter in Visual Programing Environments. . Proceedings of the International Spring Seminar on Electronics Technology, 2018, 2018-May, 8443701 (http://eprints.ugd.edu.mk/27157/)

Конверторите за засилување се најчесто користени DC / DC конвертори, особено за автомобилски апликации, апликации за засилувач на енергија, апликации за прилагодливо управување, системи за напојување на батерии, потрошувачка електроника и комуникациски апликации. Ова е затоа што полнењето на батеријата бара висок еднонасочен напон за целосно полнење. Главниот предмет на истражувањето во тековниот труд е да се испита работата на конверторот за засилување во средини за визуелно програмирање како Matlab и LabVIEW. Презентиран е математички модел на конверторот и неговите параметри. Резултатите од симулацијата наведуваат дека Matlab / Simulink е соодветна платформа за контрола и регулирање на процесите на симулација, како дополнение на нејзината доминантна улога во спроведувањето истражувачки задачи. Слично на тоа, софтверот LabVIEW дава можност да се користи за апликација што бара тестирање, мерење и контрола со брз пристап до увид во хардверот и податоците.

6. Hinov, Nikolay and Vacheva, Gergana and **Zlatev, Zoran** (2018) Modelling a charging process of a supercapacitor in MATLAB/Simulink for electric vehicles. AIP Conference Proceedings, 2018, 2048, 060023 (http://eprints.ugd.edu.mk/27158/)

За да се контролира паметната мрежа во стационарна апликација или во вградена апликација, како што се електрични возила, потребно е да се разбере однесувањето и моделирањето на уредите за складирање на енергија. Во оваа статија е прикажан едноставен електричен модел за опис на процесот на полнење на суперкондензатор за употреба во апликации на електрични возила. Предложени се три сценарија со три еквивалентни шеми. Проучените модели се реализираат во опкружувањето MATLAB / Simulink. Моделите и резултатите од симулацијата на суперкондензаторот се споредуваат и анализираат.

7. **Zlatev, Zoran** and Gicev, Vlado and Kokalanov, Vasko and Suteva, Gabriela (2013) Comparison of the performance of the artificial boundaries P3 and P4 Stacey depending on interval. XVIII Naucno – strucni skup informacione tehnologije (IT 2013) (http://eprints.ugd.edu.mk/7031/)

Аналитичките методи ни овозможуваат да моделираме голем број процеси во истражувањето на природните појави и да уживаме во резултатите кои се добиени од перманентни деформации при пропагирањето на брановите низ земјиното тло. Поради размерот на ширењето се поставуваат вештачки граници во чијшто интервал се врши испитувањето. Врз основа на висината на компјутерската мрежа во која се врши испитувањето се добиваат и различни резултати. Овој труд покажува како се менуваат резултатите во зависност од промената на интервалот помеѓу две точки во мрежата на анализата.

8. **Zlatev, Zoran** and Kokalanov, Vasko and Risteska, Aleksandra (2012) Comparison of the performance of the artificial boundaries p3 and p4 of stacey. Yearbook of the Faculty of Computer Science. ISSN 1857- 8691 (http://eprints.ugd.edu.mk/7535/)

Во овој труд истражувани се перформансите на двата типа на вештачки граници на Stacey, P3 и P4. Вештачките граници се анализирани од аспект на рефлектираната

сеизмичка енергија. Колку оваа енергија е помала, толку границите се потранспарентни. Тестирањето е направено со помош на нумерички модел кој го користи Методот на конечни разлики. Користени се примери на разни почвени материјали кои имаат различни брзини на пропагација на лонгитудиналните и тангенцијалните бранови. Тестирањето покажува како границите се однесуваат на различен соодност на брзините на пропагација и кај која комбинација се јавуваат минималните и максималните проценти на рефлексија.

9. **Zlatev, Zoran** and Golubovski, Roman and Gicev, Vlado (2016) Data processing of displacements between the ground and the point of cracking at the seven – story Van Nuys Hotel. In: The 7th International Conference "Information Technologies and Education Development – ITRO" 2016, 10 June 2016, Zrenjanin, Serbia. (http://eprints.ugd.edu.mk/16612/)

Еден од најкомплицираните и најмоќните системи на планетата Земја е мајката природа. Скоро секој ден, некаде во светот, се регистрира земјотрес со јачина што влијае на животот на многу луѓе. Многу е важно подобро да се разбере системот на тресење на земјата предизвикано од сезмички бранови. Собирањето на податоците од овие сценарија е многу важно за истражувачите. Ние ги обработуваме податоците од седумкатниот хотел во Van Nuys, Калифорнија за време на земјотресот во Нортриџ во 1994 година. За време на земјотресот, пет инструменти ги мерат поместувањата од дното до горниот дел од зградата. Овој труд ја претставува врската помеѓу земјата и петтиот кат на кој зградата пука. Ќе пресметаме некои параметри кои се важни според нас помеѓу овие две точки и ќе се презентираат графички преку софтверот LabView. Нумерички решенија имплементирани преку предметни или проминентни блокови ќе ни ги дадат потребни резултати.

10. **Zlatev, Zoran** and Golubovski, Roman and Gicev, Vlado (2014) Дизајн и анализа на експеримент со употреба на Labview. In: Втора меѓународна научна конференција „Влијанието на научно – технолошкиот развиток во областа на правото, економијата, културата, образованието и безбедноста во Република Македонија", 30-31 Oct 2014, Skopje. (http://eprints.ugd.edu.mk/11608/)

Со цел да се добијат подобри резултати од ефектот на некоја природна појава се прават експерименти на модели со намалени пропорции. Во овој труд е користена платформата LabView со цел да се симулира сеизмички бран и преку IIR филтер да се добијат некои карактеристики кои се од важност за нашето испитување.

11. **Zlatev, Zoran** and Golubovski, Roman and Gicev, Vlado (2014) Мониторинг и процесирање на сеизмички сигнали користејќи Labview. In: Втора меѓународна научна конференција „Влијанието на научно-технолошкиот развиток во областа на правото, економијата, културата, образованието и безбедноста во Република Македонија", 30-31 Oct 2014, Skopje. (http://eprints.ugd.edu.mk/11609/)

Со помош на резултатите добиени од сценарио како што е земјотресот можат да се прават анализи за да се дознаат некои клучни карактеристики на таа појава. Во последните три или четири декади технологијата има експоненцијален раст во секое поле на истражување. Голем број типови на алгоритми се користат за да се подобро проучи секој одговор или катастрофа на природата. Со помош на апликацијата, како што е LabView, во овој труд се анализирани и истражувани податоци и резултати добиени од сеизмичка побуда.

12. **Zlatev, Zoran** and Golubovski, Roman and Gicev, Vlado (2014) Data processing of recorded motion at seven-story hotel in Van Nuys, California during Northridge earthquake 1994. In: ITRO 2014, 27 June 2014, Zrenjanin, Serbia. (http://eprints.ugd.edu.mk/10383/)

За време на земјотресот во Калифорнија во 1994 година, на еден хотел од 7 нивоа се поставени мерни инструменти кои го отчитуваат поместувањето за време на сеизмичката побуда. Врз основа на тие резултати од поместувањата во 5 точки на хотелот се добиени елементарни резултати за таа појава. Преку Фуриевата анализа е добиена фреквенцијата која понатаму е анализирана за да се добие трансфер функцијата и нејзината вредност.

13. Stojanovic, Igor and **Zlatev, Zoran** and Stanimirovic, Predrag and Miladinovic, Marko (2013) Application of the Moore-Penrose Inverse Matrix in Image Deblurring. In: "ETAI-2013", 26-28 Sept 2013, Ohrid, Macedonia. (http://eprints.ugd.edu.mk/7630/)

Овој труд претставува метод за прочистување на слика (image deblurring), кој наоѓа широка примена во полето на науката за прочистување на слика. Методот е базиран на псевдоинверзна матрица која е применета за прочистувањето на сликата што настанало од линеарно движење. Методот претпоставува дека линеарното движење кореспондира на цел број од пиксели.

**14.** Risteska, Aleksandra and Gicev, Vlado and **Zlatev, Zoran** and Kokalanov, Vasko (2013) The response of a shear beam as 1d medium to seismic excitations dependent on the boundary conditions. In: XI Balkan Conference on Operation Research, 7-11 Sept 2013, Belgrade & Zlatibor, Serbia. (http://eprints.ugd.edu.mk/7355/)

Преку компјутерска симулација на брановата пропагација на еден нумерички модел е анализиран одговорот на бран при сеизмичка побуда при неговата база. Брановата равенка е решавана преку методот на конечни разлики. Со интеграција на брзините на честичките во време се добиени поместувањата при просторните точки. Целта на истражувањето во овој труд е да се проучува феноменот кој се појавува во зависност од три различни типови на гранични услови, Дирихлет, Њуман и движечката граница кога едноставна полусинусоиден пулс пропагира низ еднодимензионален медиум моделиран како просторен бран.

**15.** **Zlatev, Zoran** and Risteska, Aleksandra and Kokalanov, Vasko (2012) Споредба на ефикасноста на вештачките граници P3 и P4 на Stacey. In: The 9th Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2012), 19-22 April 2012, Bitola, Macedonia. (http://eprints.ugd.edu.mk/2771/)

Во овој труд се врши истражување на перформансите на две варијанти на вештачките (транспарентни) граници на Stacey, P3 и P4. Ефектот на границите се испитува преку определување на релативната рефлектирана сеизмичка енергија назад во моделот. Колку помала е рефлектираната енергија, толку границата е потранспарентна. Тестирањата се вршат со нумерички методи базирани на централни конечни разлики на материјали со различни односи на брзините на пропагирање на притисните и тангенцијалните бранови. Тестирањето покажува како се однесуваат вештачките граници за различни вредности на овој однос за кои вредности се јавува најмала или најголема грешка.

**Студиски престој во странство**

**7.** Кандидатот има остварено тримесечен студиски престој во Република Бугарија на Техничкиот универзитет во Софија. На истиот факултет подоцна во опремени лаборатории работи и на истражувањето за својата докторска дисертација.

**Учества во работата на конференции, работилници и семинари:**

– International Conference on Information Technology and Development of Education – ITRO 2014, 2016, Zrenjanin, Republic of Serbia;
– 10th National Conference with International Participation, 2019, Sofia, Bulgaria
– 41st International Spring Seminar on Electronics Technology (ISSE), Zlatibor, Serbia.
– Втора меѓународна научна конференција „Влијанието на научно-технолошкиот развиток во областа на правото, економијата, културата, образованието и безбедноста во Република Македонија“, 30-31 Oct 2014, Skopje.
– “ETAI-2013”, 26-28 Sept 2013, Ohrid, Macedonia.
– XI Balkan Conference on Operation Research, 7-11 Sept 2013, Belgrade & Zlatibor, Serbia.
– The 9th Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2012), 19-22 April 2012, Bitola, Macedonia.

**Издавање на наставни содржини и учебни помагала во електронска форма (на CD, DVD и сл.)**

**8.** Наташа Стојковиќ, Мирјана Коцалева, Душан Биков, Зоран Златев (2020) *Скрипта по дигитално процесирање на сигнали*. ISBN 978-608-244-738-4, Факултет за информатика, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип. (http://e-lib.ugd.edu.mk/932)

**9.** Наташа Стојковиќ, Мирјана Коцалева, Душан Биков, Зоран Златев (2020) *Практикум по дигитално процесирање на сигнали*. ISBN 978-608-244-739-1, Факултет за информатика, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип. (http://e-lib.ugd.edu.mk/933)

**Докторска дисертација и магистерски труд:**

**10.** **Зоран Златев** (2020), "Interactive design of power electronic converters with guaranteed parameters". **Докторска дисертација**, **Технички универзитет во Софија.**

**11.** **Zlatev, Zoran** (2012), "Numerical simulation of seismic waves propagation generated by explosions", магистерски труд, Факултет за информатика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

**Научни и стручни проекти**

**12.** Gicev, Vlado and Golubovski, Roman and Popovski, Risto and Cernik - Anastasovska, Dragana and Risteska, Aleksandra and Zlatev, Zoran and Kokalanov, Vasko (2015) **Распределба на сеизмичка енергија при интеракција објект-темел-почва**.

**13.** ‘’Model based design of power electronic devices with guaranteed parameters’’, ДН07/06/15.12.2016, Bulgarian National Scientific Fund.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Во однос на организациско-развојна дејност, кандидатот ги реализира следниве активности.

Членство во факултетски комисии:

**14.** Комисија за попис на крупен и ситен инвентар на Факултетот за информатика 2017, 2018.

***Други стручно-апликативни дејности***

**15.** Кандидатот бил корисник на една од 125 стипендии за најдобрите студенти по информатика со просек над 9.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Рецензентската комисија ја разгледа комплетната документација што беше доставена и констатира дека единствен пријавен кандидат е д-р Зоран Златев.

По прегледот на приложената документација, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот д-р Зоран Златев во целост ги исполнува условите предвидени со позитивните законски прописи за избор во звање доцент; има континуирано научно напредување, позитивни научноистражувачки резултати и извонреден научен придонес во областа на информатиката; дел од научните трудови, чиј автор е кандидатот, покрај научно, стручно и теоретско, имаат и апликативно значење; има извонреден придонес во наставно-образовната, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност; ги има освоено потребните бодови, согласно со критериумите за бодување.

Врз основа на изложеното, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да го избере кандидатот д-р Зоран Златев во звањето доцент за наставно-научните области процесирање на податоци и електронски кола на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Владо Гичев,** редовен професор, претседател, с.р.
**Д-р Николаи Хинов,** вонреден професор, член, с.р.
**Д-р Милена Лазарова,** редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р.б.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | **Вкупно** |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| **1.** | Избор во звање асистент докторанд | 1 | 20 | | | 20 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **20** |
| **Р.б.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | **Вкупно** |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| **2.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор (реф. 1, 2, 3, 4), останати автори (реф. 5, 6)) | 4**x**9 =36<br>2x3=6 | | | | 42 |
| **3.** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир ((**реф.** 8, 10, 11, 13, 15 во земјава), (реф. 7, 9, 12, 14 во странство)) | 5 | 2 | 4 | 3 | 22 |
| **4.** | Студиски престој во странство (реф.7) | | | 1 | 8 | 8 |
| **5.** | Одбранета докторска теза (**реф.** 10) | 1 | 8 | | | 8 |
| **6.** | Одбранет магистерски труд (**реф.** 11) | 1 | 4 | | | 4 |
| **7.** | Учесник во научен проект (реф.12, 13) | 1 | 2 | 1 | 3 | 5 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **89** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | **Вкупно** |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| **1** | Член на факултетски орган, комисија, (реф 14) | 2 | 2 | | | 4 |
| **2** | Награди и признанија (реф. 15) | 2 | 4 | | | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **12** |
| | **Поени кои се однесуваат на целокупната актива на кандидатот** | **НО** | **НИ** | **САОР** | | |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | **20** | **89** | **12** | | **121** |

**П Р Е Г Л Е Д**

**на наслови на теми за изработка на докторски трудови одобрени од Наставно-научниот совет на докторски студии**

| Докторски студии - Кампус 2 | Наслов на тема | Одлука | Ментор | Студент |
|---|---|---|---|---|
| | 1. Математичко моделирање на параметрите на рапавост при обработка со стружење на метали со зголемена тврдина | 0206-139/3 од 1.2.2021 г. | Интерен ментор<br><br>проф. д-р Симеон Симеонов,<br><br>екстерен ментор<br><br>вон. проф. д-р Мите Томов | Мебвлудин Шабани |

**П Р Е Г Л Е Д**
**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно - научниот совет на единицата**

| | Наслов на тема | Одлука | Ментор | Студент |
|---|---|---|---|---|
| МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА | 1. Музиката на Ли Морган | 1402-51/6 од 24.2.2021 г. | Проф. м-р Антонијо Китановски | Трајче Велков |
| ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ | 2. Срединските фактори и однесувањето на предучилишните деца | 1602-122/6 од 17.12.2020 г. | Проф. д-р Снежана Мирасчиева | Весна Димитрова |
| ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ | 3. Рехабилитација на повреди на рбетниот столб – студија на случај | 2002-125/61 од 26.4.2017 г. | Доц. д-р Тоше Крстев | Марија Русковска |

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ ЗА Е- УЧЕБНИК „АНИМАЦИИ ВО ТУРИЗМОТ И УГОСТИТЕЛСТВОТО" ОД Д-Р ЗЛАТКО ЈАКОВЛЕВ ПО ПРЕДМЕТОТ АНИМАЦИИ ВО ТУРИЗМОТ И УГОСТИТЕЛСТВОТО НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр. 2102-34/6 од 20.1.2021 на 237. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика – Гевгелија, одржана на 20.1.2021 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– **д-р Лидија Симонческа,** редовен професор на Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола, Факултет за туризам и угостителство – Охрид;
– **д-р Бранко Николоски,** редовен професор на Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола, Факултет за туризам и угостителство - Охрид

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „АНИМАЦИИ ВО ТУРИЗМОТ И УГОСТИТЕЛСТВОТО" од проф. д-р Златко Јаковлев, редовен професор на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот Комисијата до Наставно научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Ракописот за учебник „Анимации во туризмот и угостителството" од авторот проф. д-р Златко Јаковлев е компатибилен со Наставната програма на предметот Анимации во туризмот и угостителството, што се изучува на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, во VI семестар на додипломските студии на насоката: Туризам.

Ракописот е напишан на А4 формат, нормален проред, фонт Arial со македонска поддршка, големина на буквите 11. Предложениот обем по содржина ги задоволува критериумите според предвидениот број часови, при што се слуша како задолжителен предмет на насоката Туризам со 2+2+1 во VI семестар. Текстот е подготвен според пропишаната Наставна програма и барањата кои се поставуваат пред студентите, а кои се однесуваат на реализација на наставните часови во рамките на предметот Анимации во туризмот и угостителството. Во таа смисла, во ракописот детално се разработени 13 глави, а во секоја од нив се разработени основните поставки, потребата и значењето на сите поими, категории и карактеристики на менаџментот и анимациите во туризмот, бидејќи менаџерите се одговорни за креирање на анимациските програми, а аниматорите нивно реализирање.

Пишуваниот материјал ја третира проблематиката на развојот на менаџментот и анимациите во туризмот и неговата улога и значење за работењето на претпријатијата од областа на туризмот и угостителството, како и големото значење на анимациите како интегрален сегмент на туристичката понуда, како и нивното влијание врз вкупната економија на одредена земја, а посебно во Република Македонија. Авторот проф. д-р Златко Јаковлев истакнува дека менаџментот, со оглед на неговото значење и важност во работењето на претпријатието, а посебно од доменот на туризмот и угостителството, покривајќи ги сите функции на работење, истиот се наметнува како императив. Според авторот, огромниот интерес е производ на: општествениот карактер на менаџментот со кој се канализираат одговорностите во насока на ефикасно и ефективно реализирање на целите, фактот што менаџментот е базична карактеристика на индустриското општество, тоа што менаџментот е најзначаен орган во претпријатието со што тој останува фундаментална

и доминантна институција сè додека постои цивилизацијата. Во тој контекст, авторот истакнува дека менаџментот е универзална активност која се применува и се наоѓа во сите видови организациски системи (влади, министерства, општини, универзитети, хотели, туристички агенции, комунални претпријатија, аеродроми, трговски претпријатија, болници, компании, општествени организации, политички партии и друго) и е присутен во сите функции и хиерархиски нивоа на тие системи. Според тоа, авторот истакнува дека менаџментот е динамичен процес, бидејќи му дава живот на секој аспект на деловните активности.

Исто така, пишуваниот материјал ја третира проблематиката на едно од поважните сегменти во развојот на туризмот, а тоа е потребата од организирање на содржината на туристичкиот престој. Во процесот на развој на туризмот и угостителството како феномен на 21 век, анимациите се еден од најважните сегменти на туристичката понуда, па истите се наметнуваат како императив.

Понудениот ракопис укажува на потребата дека туристичката понуда единствено преку туристичката пропаганда е во можност да ја зголеми економската ефикасност во нејзиното работење, но едновремено водејќи грижа и не занемарувајќи ги хуманистичките димензии на туризмот и угостителството. Анимациите во туризмот и угостителството ја збогатуваат туристичката понуда со најразновидни содржини и ги мотивираат посетителите на активен и посодржински престој. Сите напори за зголемување на туристичкиот промет и проширување на економската корист од туризмот и угостителството, се само толку делотворни, колку што се базирани врз потребите, желбите, склоностите и навиките на посетителите. Затоа треба на посетителите да им се даваат соодветни услуги кои ќе бидат адекватно менаџирани и од коишто ќе бидат задоволни.

Иако постојат одреден број автори кои се занимавале со проучување на оваа проблематика од теоретски аспект, сепак мал е бројот на истражувања од оваа област во нашата земја. Оттука, понудениот пишуван материјал ја проучува од научен и стручен аспект проблематиката за потребата, значењето и оправданоста на менаџментот и анимациите во туризмот и угостителството, притоа давајќи практични примери преку адекватни вежби, како и презентирајќи предлог програми за анимација на посетителите во Македонија. Во поднесениот ракопис на еден многу конкретен начин, преку приказ на соодветни примери, се даваат јасни и детални осврти на најинтересните точки кои ги третираат анимациите во туризмот, како исклучително актуелна проблематика.

Ракописот методолошки е структуриран во 13 глави кои меѓу себе се надополнуваат. Секоја глава започнува со кратко информативно појаснување за точките кои ја обработуваат главната тема понудена како глава.

Првата глава е насловена Теоретски основи во проучувањето на менаџментот во туризмот и угостителството. Во оваа глава најнапред авторот ги согледал теоретските аспекти на туризмот и угостителството, потоа се осврнал на функциите на менаџментот во туризмот и угостителството, ги елаборирал и нивоата на менаџментот и на крај од оваа глава ги апострофирал улогите на менаџерите во туризмот и угостителството за ефективност и ефикасност во деловните активности.

Процесот на менаџмент во туризмот и угостителството е втората глава. Во неа, детално авторот го разработил прашањето за планирање во менаџментот на туризмот и угостителството, потоа се осврнал на организирање во менаџментот на туризмот и угостителството, управување и раководење во менаџментот на туризмот и угостителството е наредна теза која беше предмет на елаборација, следно авторот го разработил координирањето во менаџментот на туризмот и угостителството и на крај од оваа глава го согледал контролирањето во менаџментот на туризмот и угостителството.

Во трета глава авторот се осврнал на Современиот менаџмент во туризмот и угостителството, каде што посебно ги елаборирал генералниот менаџер во туризмот и угостителството, неговите одговорности, потоа го согледал стратегискиот менаџмент во туризмот и угостителството, го разработил менаџментот на средно ниво и на крај го обработил менаџментот на најниско ниво.

Четвртата глава е насловена Улогата и значењето на менаџментот за работењето на претпријатијата од областа на туризмот и угостителството. Во неа се елаборирани менаџментот и неговото значење за работењето на претпријатијата од областа на туризмот и угостителството, потоа бизнис конекциите на претпријатијата од областа на туризмот и угостителството, нивната трансформација, состојбата со туристичко-угостителскиот менаџмент во нив и на крај од оваа глава авторот ја разработува перспективата на работењето на претпријатијата од областа на туризмот и угостителството.

Во петтата глава авторот најнапред се осврнал на теоретските аспекти на анимациите во туризмот и угостителството, каде што се задржал на поимот и дефинирањето на анимациите во туризмот и угостителството, нивното значење, целите и принципите. Во тој контекст ја разработил интерперсоналната комуникација суштина на анимациите во туризмот и угостителството, каде што посебно се осврнал на жанровите на јавно комуницирање, потоа моделите на комуникација во анимациите, како и факторите за успешно комуницирање.

Потоа, во шестата глава авторот ги согледал анимациите како интегрален сегмент на туристичката понуда, каде што посебно ги детерминирал природните вредности и нивните анимациски карактеристики, како и антропогените вредности и нивните анимациски карактеристики и ја согледал ги анимациите како содржина на вонпансионската понуда.

Натаму, во седмата глава авторот се задржал на менаџмент на анимациите во туризмот и угостителството, планирањето на анимациите во туризмот и угостителството, програмирањето на анимациите на посетителите за време на туристичкиот престој, во чија рамка се осврнал на принципите на програмирање, типовите програми, факторите кои делуваат врз програмирањето на анимациите на посетителите, при што посебно ги детерминирал просторот како фактор на програмирање на анимациите, кадрите како фактор на програмирање на анимациите и приспособување на анимациските програми спрема потребите, карактеристиките и менталитетот на посетителите. Организирањето на анимациите во туризмот и угостителството е следната функција на менаџментот која авторот ја елаборирал, каде што поединечно ги согледал организирањето на спортско-рекреативните анимации за време на туристичкиот престој, потоа организирањето на културно-забавните анимации за време на туристичкиот престој и организирањето на анимациите за излетите и посети за време на туристичкиот престој. Управувањето на анимациите во туризмот и угостителството е следна менаџмент-функција на која се осврнал во рамките на горенаведената теза.

Авторот ги согледал и улогите на субјективниот фактор во збогатување на содржината на туристичкиот престој во осмата глава, каде што посебно ги детерминирал психофизичките карактеристики на аниматорот, улоги кои треба да ги исполнува аниматорот во односот со посетителите и стручниот профил на аниматорот.

Деветтата глава е насловена Ефектите и финансирањето на анимациите во туризмот и угостителството, каде што посебно авторот се осврнал на директните и индиректните ефекти на анимациите во туризмот и угостителството, потоа ги разработил општествените ефекти на анимациите во туризмот и угостителството и на крај од оваа теза се задржал на финансирање на анимациите во туризмот и угостителството.

Во десеттата глава се осврнал и на методите и техниките за истражување на анимациите во туризмот и угостителството.

Натаму, во единаесеттата глава авторот ги елаборирал анимациите во туристичката пропаганда.

Авторот се задржал и на некои истражувања за анимациите во туризмот и угостителството во дванаесеттата глава.

И на крај во тринаесеттата глава се осврнал на практична примена на анимациите во туризмот и угостителството.

На крајот, соодветно се нотирани сите библиографски единици кои се цитирани во текстот. Може да се констатира извонредна систематичност во презентирањето на содржините на ракописот. Авторот покажува големи научни и стручни познавања на третираната проблематика. Начинот на презентирање на овие сложени прашања од

областа на анимациите во туризмот и угостителството е многу пристапен со примена на јасни примери од непосредната практика, што овозможува стекнување многу јасна слика за подготовка на наставниот час по предметот Анимации во туризмот и угостителството.

Сметаме дека материјалот, како универзитетски учебник, претставува извонредна основа за подготовка на студентите во делот на теоретските барања, но едновремено и практичните потреби по предметот Анимации во туризмот и угостителството за студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Концизното и експлицитно презентирање на проблематиката од областа на анимациите во туризмот и угостителството дава голема можност за користење на овој материјал и од страна на сите оние чинители кои на каков било начин се директно или индиректно поврзани со менаџирање на развојот на анимациите во туризмот и угостителството.

## З А К Л У Ч О К

Ракописот за е-универзитетски учебник „Анимациите во туризмот и угостителството" од авторот проф. д-р Златко Јаковлев разработува едно од покомплексните прашања присутни во теоретската мисла која го проучува феноменот менаџмент и анимациите во туризмот. Прашањето за апликативна примена на анимациите во туристичкото стопанство е актуелно и постојано иницира мотиви за негово натамошно проучување. Разработените содржини се во согласност со Наставниот план и содржините на предметот Анимации во туризмот и угостителството, што го изучуваат студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, во VI семестар на додипломските студии на насоката Туризам. Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање е-универзитетски учебник пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

Рецензентската комисија предлага ракописот „Анимации во туризмот и угостителството" од авторот проф. д-р Златко Јаковлев да биде издаден во електронска форма како е-универзитетски учебник за потребите на студентите на додипломските студии на насоката Туризам на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Лидија Симонческа,** редовен професор, с.р.
**Д-р Бранко Николоски,** редовен професор, с.р.